# ТРАНСПОРТ ЛОГИСТИКА

ISSN 1857-7962 ■ БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК ■ број 144 ■ ноември 2017 ■ www.amerit.org.mk



## ИНТЕРВЈУ

КРИСТИЈАН ЛАБРО

Претседател на Меѓународната унија за патен транспорт ИРУ

**ГОРДИ СМЕ НА СОРАБОТКАТА СО АМЕРИТ И НИВНАТА ПОСВЕТЕНОСТ КОН РАБОТАТА НА ИРУ**

## АКТУЕЛНО

Голема чест и признание за СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ и за Република Македонија

**ДИРЕКТОРОТ ЕМИЛ МИЛЕВ Е ИЗБРАН ЗА ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ ЗА ТОВАРЕН ТРАНСПОРТ НА ИРУ**

## ТЕМА НА БРОЈОТ

Патните превозници многу често се непријатно изненадени

**БАРААТ ТРАНСПОРТНИ ОЛЕСНУВАЊА, А ДОБИВААТ БЛОКАДИ И СОПКИ!**

TRAEKT.MK



РЕЗЕРВАЦИЈА НА ТРАЕКТ, ТУНЕЛ, МОСТ, ВОЗ
ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ

Тел: 02 32 98 967 | e-mail: traekt@amerit.org.mk | www.traekt.mk

# ПОГОЛЕМА МОЌ,
# ПОМАЛА ПОТРОШУВАЧКА.
# MAN TGX




SCANIA
R410
ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ ВАЖЕН БИЗНИС – ВАШИОТ!
Совршенството е неограничено. Тоа го знаеме од памтивек. Познати сме по својата посветеност за подобрување и постојано поместување на границите. Нашите решенија се приспособени на Вашиот бизнис со само една цел – зголемување на вкупната економија на работење и подобрување на профитот на Вашата компанија.
Секој камион се користи на различен начин така што и сервисирањето треба да се разгледува поединечно. Со новата услуга и со флексибилниот план за одржување, ќе се погрижиме за Вашиот камион така како што треба. Врз основа на нашето искуство, знаење и добиените информации, ќе подготвиме план за одржување на Вашето возило, и ако биде потребно, ќе го приспособуваме на начин на кој се менува и Вашиот бизнис.
Откријте ја новата генерација на Scania камиони и услуги, креирани да бидат во согласност со Вашиот бизнис.
За повеќе информации посетете ја веб-страницата www.scania.com
SCANIA
Сканиа Македонија ДООЕЛ
ул. „34“ бр.7, Илинден, 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 70 31 15 06 I e-mail: info@scania.mk

ВАУЧЕР*

# 30% ПОПУСТ

## НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА

## РЕГИСТРИРАЈ СЕ НА ВИСТИНСКОТО МЕСТО

▪ ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД И РЕГИСТРАЦИЈА НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА ▪ МЕЃУНАРОДНИ ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ ▪ АТП ПРЕГЛЕД ▪ ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУЃО МОТОРНО ВОЗИЛО ▪ КАЛИБРАЦИЈА НА ДИГИТАЛНИ И АНАЛОГНИ ТАХОГРАФИ ▪ ИЗДАВАЊЕ НА ПРОБНИ ТАБЛИЧКИ И ПОТВРДА ЗА ПРОБНО ВОЗЕЊЕ ▪ СИТЕ ВИДОВИ НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД СИТЕ ОСИГУРИТЕЛНИ КОМПАНИИ ▪

* Ваучерот е со важност до 31.12.2017 година.

ул. „1506“ бр. 22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 лок. 113
MakedonijaSoobrakajAMERIT | www.amerit.org.mk

МОТО АМЕРИТ

## АКТУЕЛНО



8

Голема чест и признание за СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ и за Република Македонија

**Директорот Емил Милев е избран за заменик претседател на Советот за товарен транспорт на ИРУ**

## ТЕМА НА БРОЈОТ



9

Патните превозници многу често се непријатно изненадени

**Бараат транспортни олеснувања, а добиваат блокади и сопки!**

## ИНТЕРВЈУ



13

Кристијан Лабро, претседател на Меѓународната унија за патен транспорт ИРУ

**Горди сме на соработката со АМЕРИТ и нивната посветеност кон работата на ИРУ**

## 12 АКТУЕЛНО

Статистички движења во патниот превоз во Македонија за третиот квартал

**Пораст кај патничкиот, а пад кај стоковиот транспорт**

## 17 ЈУБИЛЕЈ

Десетгодишен јубилеј на познатиот транспортер

**ОИЛКО македонски и регионален лидер во транспортот на нафтени деривати**

## 18 ЛОГИСТИКА

Јирген Штајнмаер, директор за наплата на патарина во DKV Euro Service

**DKV BOX EUROPE во иднина ќе може да се користи низ цела Европа**

20 Визијата на TimoCom за новата транспортна ера

**Иднината му припаѓа на автономното управување и спроведување на транспортите**

## 22 МЕТРОПОЛА

Поради големото загадување на воздухот во главниот град

**Град Скопје со неколку еко-мерки во сообраќајот**

## 23 ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Владата бара решенија за (до)изградба на автопатиштата

**Анекс-договор и за Кичево – Охрид до јануари идната година**

## 24 МЕРИДИЈАНИ

Поранешниот рели ко-возач и прв човек на ФИА на Генералното собрание на ИРУ

**Жан Тод: „Неопходна колективна акција за безбедност на патиштата“**

25 ИРУ и УНЕЦЕ одбележаа 60 години на глобалната Конвенција за превоз за опасни материи

**ADR има директен придонес во намалувањето на ризиците на патиштата**

## 26 ЦАРИНА

Билатерална средба помеѓу царинските служби на Македонија и Србија

**Високо ниво на соработка за брзо минување низ граничните премини**

27 Во Царинска управа на иницијатива на стопанските комори

**За економските оператори се претставени новините во царинските постапки**

## 26 БЕЗБЕДНОСТ

РСБСП по повод 19 Ноември – Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди

**Во Македонија годишно има околу 160 загинати и над 6.000 повредени во сообраќајки**



ТРАНСПОРТ И ЛОГИСТИКА

АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

Адреса:
бул. Партизански одреди 17/4, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 224
Факс: 02 32 98 968
e-mail: amerit@amerit.org.mk
Web: www.amerit.org.mk
Facebook: MakedonijaSoobrakajAMERIT
жиро-сметка: 320100023724261
Депонент: Централна кооперативна банка АД
Даночен број: 4030000394212

ТЕКСТОВИТЕ И ФОТОГРАФИИТЕ НЕ СЕ ВРАЌААТ

Адреса:
ул. „1506“ бр.22, Момин Поток, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 967
Издава:
СИЗ Македонија сообраќај АМЕРИТ
Подготвува и уредува:
Здружение за комуникација со јавноста „Контакти“ - Скопје
Дизајн и печатење:
Експресив графикс, Скопје
Лектура:
Матилда Саздова




# КОМПЛЕТНИ ТРАНСПОРТНИ РЕШЕНИЈА

**ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЈАВЕТЕ СЕ НА +389 2 2653 269**
**И ПОСЕТЕТЕ ЈА НАШАТА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА**
**WWW.VOLVOTRUCKS.MK**

Volvo Trucks. Driving Progress

Голема чест и признание за СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ и за Република Македонија



# ДИРЕКТОРОТ ЕМИЛ МИЛЕВ Е ИЗБРАН ЗА ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ ЗА ТОВАРЕН ТРАНСПОРТ НА ИРУ

– АМЕРИТ ќе продолжи и понатаму да придонесува во работата на ИРУ со спроведување на важни проекти во Република Македонија, неопходни за подобрување на транспортната индустрија кај нас, во регионот и пошироко во Европа – вели управителот Милев

Емил Милев, директорот на СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ, е избран за заменик претседател на Советот за товарен транспорт на Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ. На Генералното собрание на оваа најголема транспортна асоцијација во светот, со седиште во Женева, Милев е назначен на висока позиција во едно од најзначајните тела на ИРУ, со што на АМЕРИТ како и на Република Македонија им се оддава високо признание и почит за досегашното активно учество во работењето на разните комитети и совети на ИРУ, како и за заедничката организација на АМЕРИТ и ИРУ на неколку транспортни работилници и конференции во нашата земја и во регионот.

Првиот човек на АМЕРИТ, г. Емил Милев има долгогодишно работно искуство во Царинската управа на Република Македонија, и тоа на повеќе различни позиции, а имаше свој ангажман и во СЕКИ Центарот во Букурешт – Романија, како офицер за врски на Република Македонија.

– Навистина сум почестен со изборот за заменик претседател на Советот за товарен транспорт на ИРУ. Ова е огромна чест како за мене, така и за АМЕРИТ. Ќе дадам сè од себе да ги оправдам изборот и довербата што ми се укажани и можам да ветам дека со својот ангажман во извршувањето на оваа функција ќе дадам силен придонес и во свое и во име на АМЕРИТ за унапредување на вредностите на ИРУ. Истовремено, АМЕРИТ ќе продолжи и понатаму да придонесува во работата на ИРУ со спроведување на важни проекти во Република Македонија, неопходни за подобрување на транспортната индустрија кај нас, во регионот и пошироко во Европа – истакна Милев.

На состанокот во Женева, членовите на ИРУ за претседател на Меѓународната унија за патен транспорт ИРУ, едногласно, повторно го избраа Кристијан Лабро, за втор двегодишен мандат, до крајот на 2019 година.

– Јас сум ентузијаст и чест ми е да продолжам со мојот мандат како претседател на ИРУ. Транспортната индустрија никогаш не била повозбудлива и водството на ИРУ никогаш не било поважно – нагласи Лабро пред Генералното собрание, кое ги поздрави и 12-те нови членки, кои официјално се приклучија од последното собрание во мај оваа година, што е уште еден силен знак за довербата во иднината на ИРУ.

Инаку, Генералното собрание на ИРУ, советите за транспорт и за патнички сообраќај, како и состаноците на другите работни тела и органи на ИРУ се одржаа во Женева, во првата половина од ноември. Освен Лабро, беше реизбран и Раду Динеску од транспортната асоцијација УНТРР од Романија, за претседател на Советот за стоков транспорт, а Цо Салс од ФЛЕАА – Луксембург беше избран за претседател на Советот за патнички транспорт на ИРУ. Претседателите на овие совети се исто така потпретседатели на ИРУ.

## Новото раководство на ИРУ

Извршно претседателство: претседател Кристијан Лабро од BWVL e V – Германија, заменици претседатели Раду Динеску од UNTRR – Романија и Цо Салс од FLEAA – Луксембург

Совет за патнички сообраќај: претседател Цо Салс, заменици претседатели Кристиан Леонард од BDO – Германија и Ана Гронлунд од SBF – Шведска

Совет за товарен транспорт: претседател Раду Динеску, заменици претседатели Емил Милев од AMERIT – Македонија и Наталиа Висотскаја од BAMAP – Белорусија

Новото раководство на ИРУ е со мандат од 1 јануари 2018 до крајот на 2019 година.



Патните превозници многу често се непријатно изненадени




# БАРААТ ТРАНСПОРТНИ ОЛЕСНУВАЊА, А ДОБИВААТ БЛОКАДИ И СОПКИ!

**Во последно време во сферата на транспортот и логистиката најчестото барање на луѓето во овој бизнис, и тоа почнувајќи од менаџерите, возачите, па сè до мануелните работници, е за транспортните олеснувања, а во суштина го добиваат токму спротивното – транспортни оптоварувања, кои им го загорчуваат и отежнуваат и бизнисот и животот**

Што е тоа што патните превозници постојано го бараат, надлежните (не само кај нас, туку и ширум Европа, па и подалеку) редовно им го ветуваат, а крајниот ефект многу често е: блокади, сопки, повисоки такси, неразбирливи, контрадикторни, односно противречни прописи, санкции, казни за сè и сешто? Луѓето од транспортниот бизнис, не многу тешко и релативно брзо доаѓаат до одговорот на ова прашање, а тој е – транспортни олеснувања. Се чини, во последно време во сферата на транспортот и логистиката ова е најчестото барање, и тоа почнувајќи од менаџерите, возачите, па сè до мануелните работници. И сите тие се речиси едногласни дека наспроти нивните сè почести и сè погласни барања за намалување на транспортните трошоци, за олеснување на транзитот, за примена на стандардизирана документација и контроли, за помалку задржувања и за поминување на стоките преку меѓународните граници со минимални формалности, гаранции, депозити (и се разбира, без мито, односно рушвет) го добиваат токму спротивното. Транспортни оптоварувања, кои им го загорчуваат и отежнуваат и бизнисот и животот. Притоа, сите оние лица и субјекти, кои се водат под категоријата „надлежни“ и „одговорни“ наоѓаат буквално секакви оправдувања и изговори за нереализираните ветувања што ги дале за воведување на нови транспортни олеснувања и за поголема либерализација на транспортот. Тие се најчесто во сферата на високата политика и економија, но и во секакви општествени промени, на кои државите тешко и бавно се приспособуваат.

Така, денес во меѓународниот патен транспорт има вистинска поплава од заострувања на условите за работа на транспортерите, за кои вината се фрла на воведувањето нови патни такси, на проблемот со имигрантската криза и транспортните блокади што настануваат поради неа, па тесно поврзани со ова се и терористичките акции во Европа и опкружувањето, а тука и таму тлеат или еруптираат и несфатливи меѓудржавни спорови, па дури и војни. Сето ова има свои помали или поголеми реперкусии токму во нарушувањето на транспортните текови, и тоа во двата клучни сегменти – превозот на патници и особено транспортот на стоки, од кои последиците се огромни за корисниците на нивните услуги, за економиите и населението на загрозените држави и региони. Во тој пеколен круг редовно е и Македонија, како земја која е позната како балканска крстосница, низ која минуваат два многу важни патни коридори – „осумката“ и „десетката“, а на кои практично се случува сè и сешто. Само за илустрација, тука границите се затнати, се чини како никаде во светот, при што еве повторно воскреснаа штрајковите на грчките царинници, кои и во октомври и во ноември ги спуштија рампите на премините Дојран и Ники, па сообраќајот за сите видови возила беше во целосен прекин, а границата можеа да ја поминат единствено пешаците. На најголемиот граничен премин Евзони – Богородица целосна забрана за сообраќај имаа само товарните возила, додека патничкиот сообраќај се одвиваше со прекини. Овде, по секој час прекин се креваа рампите и на патничките возила им се овозможуваше премин на границата во траење од петнаесетина минути, по што границата повторно се затвораше. Неодамна, поточно при крајот на ноември, агенциите јавија за долги редици од ТИР камиони формирани на турската страна на граничните премини со Бугарија, Капукуле – Капитан Андреево и Хамзабејли – Лесово. На преминот Капукуле, колоната била околу 15 километри и започнувала од околината на градот Одрин, соопшти турската Дирекција за граници и трговија Тракија, а на Хамзабејли имало колона возила од околу осум километри, при што информациите беа дека тие се создале поради забавена работа на бугарските цариници, кои се недоволно екипирани, особено кон крајот на неделата кога се неработни денови.

Дека проблемите (и во транспортот) функционираат по принципот на сврзани садови се потврди и кон крајот на октомври, кога поради тогашниот грчки штрајк на цариниците, многумина наши граѓани се решија продолжениот празничен викенд да го искористат во бугарските туристички места, но притоа заглавија по граничните премини со нашиот источен сосед. Едноставно, според јавувањата на наши граѓани, бугарските гранични служби крахирале за време

на тој викенд, па, тие биле сведоци на километарски колони на граничните премини и враќање на стариот балкански однос на сега европските цариници. Застојот на границите бил затоа што Бугарите не пуштале повеќе ленти за минување на возилата, а на преминот Станке Лисичково, во близина на Благоевград, во еден период ги снемало и задолжителните „вињетки"!?

Кога станува збор за македонските патни транспортери, па и за сите корисници на нивните услуги, се чини, многу од курцшлусите, најчесто се врзани за граничните премини. Можеби е така затоа што таму се највидливи, па тие се познати и како тесни грла на македонскиот патен транспорт, за што сведочат и самите превозници, кои нерeтко го апострофираат и проблемот со работното време на возачите и инсистирањето на стриктна примена на прописите по патиштата во земјите на ЕУ (инсистирање возачите да спијат по хотели, наместо во своите возачки кабини), каде што се воведува и строго санкционирање за тоа.

– Ние тој проблем сме го немале – вели Златко Малиновски, управител на транспортната фирма „Интерекспрес" од Кавадарци. Практично, продолжува тој, не сме мини во регионов, пред сè на влезот од Србија во Македонија и обратно, според него, се губи многу време.

– Проблеми со колони возила има и кога одиме за Турција, и тоа на излезот од Грција, преку која често возиме. Понекогаш, возачите тука заглавуваат и по два дена, а тоа во старт ни го комплицира транспортот, не ги стасуваме роковите за испорака на стоката, па следува плаќање пенали... Како што информираат возачите, не е исклучена и појавата на давање „под рака" за полицијата и царината за да се забрза минувањето на границите – истакнува Атанасов, кој вели дека досега го немал проблемот да мора возачите да ги праќа да спијат по хотели, мотели и слично, кога возат во Европа.

– Не возам за Франција, каде што тоа се бара, а во Германија не е толку присутно и не се инсистира на тоа. Дека може да биде проблем, тоа е несомнено зашто ако возачот го оставил камионот на некој паркинг или крај бензинска, како тогаш да најде хотел, ако тој е оддалечен 50-ина километри од местото, каде што нему му завршува времето дозволено за возење и му почнуваат часовите за задолжителен одмор. Токму во врска со ова ние сметаме дека работното во Европа, колку што се главно во регионов, и тоа: со цариниte, со шпедициите, со нивните и полициските процедури и контроли што сè заедно создава километарски контроли на возила и со часови и часови задржувања по границите. Тоа, предизвикува губење на термините за испорака на стоките. Оттука, нашиот предлог и барање е да се забрза работењето на надлежните органи и служби на граничните премини, иако загуба на време имаме и за утовар. На тој начин ќе се избегне долгото и повеќечасовно чекање што е редовна појава кај нас, на влезот и излезот од државава, пред сè на Табановце, потоа во соседството, како и многу често на граничниот премин Батровци во Хрватска – вели Билјали, кој наведува дека вози најчесто за Швајцарија, Шпанија, Холандија, Белгија и Германија, каде што, според него, нема такви негативни искуства по границите.

Дека многу често границите се огледало на (не)подготвеноста на соодветните органи и служби на одредена земја, а понекогаш и на самите транспортни оператори потврди и 6.Годишен САМИТ 100 на бизнис-лидерите од Југоисточна Европа што се одржа во Скопје, во средината на октомври, каде што бизнисмените од регионот и нивни-

**ЗА НАРУШУВАЊЕТО НА ТРАНСПОРТНИТЕ ТЕКОВИ, КОИ ИМААТ ТЕШКИ РЕПЕРКУСИИ ВРЗ ЕКОНОМИИТЕ, НО И ВРЗ ОБИЧНАТА ПАТНА СООБРАЌАЈНА КОМУНИКАЦИЈА НА ЛУЃЕТО ВО РЕГИОНОТ НА БАЛКАНОТ, ВИНАТА НАЈЧЕСТО СЕ ФРЛА ВРЗ НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ И СЛУЖБИ КОИ РАБОТАТ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ**

имале такви лоши искуства од полициските контроли по патиштата за да ни бараат возачите да спијат во хотел, мотел или слично. Возиме стока главно за Германија и назад и не ни се случило за такво нешто да нè задеваат, но како што сме информирани тоа сè почесто им се случува на некои наши превозници кои работат во Бугарија и Романија, и тоа со камиони со бугарски регистрации, што ги чини евтино, како впрочем и добивањето тамошни зелени картони. Тие се поведоа по тие поволности, па сега низ Европа се санкционирани во некои држави, каде што тамошните власти ги штитат своите превозници од таквата нелојална конкуренција. Што се однесува на транспортните олеснувања, нив ќе ги имаме само тогаш кога полицијата и цариниците по граничните премини ќе работат побрзо, а не да ни се случува, за некои процедури, за кои во Германија, на пример, завршуваме работа за 30-ина минути, во регионов, односно во: Србија, Бугарија, Грција, Турција, па и кај нас да имаме постојано проблеми со стоење и чекање на границите. Исто така, работното време на надлежните овде е најчесто до 15:30 часот и ете ти проблем – додава Малиновски.

На долгите гранични перипетии на возачите реагира и Петре Атанасов, управител на транспортната фирма „Пеце шпед" од Радовиш, кој посочува дека во последно време и по еден ден се чека за влез во граничните земји на ЕУ, а на граничните пре-




време на професионалните возачи треба да биде наутро со почеток некаде во интервалот од пет до 8 часот, па сè до 21 часот, а ноќе тие да не возат, што е добро и од безбедносен аспект. Мислам дека своевремено Германија го предлагаше тоа, но таа нивна иницијатива за жал остана нереализирана – додава Атанасов.

Граничните сопки и блокади, ги става на тапет и Бејтула Билјали, управител на „Шехо транс" од Скопје.

– Проблемите со границите не се толку

те асоцијации и комори го посочија токму овој проблем, кој во комбинација со инфраструктурната заостанатост предизвикува сериозно попречување на сообраќајните движења на Балканот, со големи и ненадоместиви последици и штети за економиите, но и за обичната комуникација меѓу народите, односно граѓаните на овдешните држави. Поради тоа, во рамките на евидентната регионална иницијативност што деновиве ја пројави новата Влада, во Скопје, следеше и одржување на неформален сос-

До 31 јануари идната година

## Номинирање за ИРУ наградата „Топ менаџер“ за 2018 година

Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ, најголемата транспортна асоцијација во светот, го објави повикот за номинации за наградата „ТОП менаџер“ за 2018 година што ќе се поднесуваат до 31 јануари идната година. И овојпат, за наградата на ИРУ може да се пријават само врвните менаџери на компаниите за патен транспорт ангажирани во националниот или во меѓународниот превоз на стоки или патници, вклучувајќи ги и такси-компаниите, кои ја бранат честа на професијата преку своето широко професионално искуство и специфични менаџерски достигнувања. Наградата на ИРУ се состои во сертификат „TOP MANAGER“ за 2018, потоа значка со лого на наградата и USB со обележјата „TOP MANAGER“ на годината, што наградените можат да ги користат на разни документи, меморандуми, на визит-карти и слично. Аплицирањето за наградата „TOP MANAGER“ на ИРУ, која може да се додели на едно лице само еднаш, кај нас веќе традиционално, секоја година се врши со посредство на СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ, која е национална асоцијација членка на Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ и која во текот на целата година го следи работењето на транспортните менаџери и на нивните фирми, па ги бодува и ги предлага до ИРУ.

Како што посочуваат од ИРУ, за оваа награда може да конкурираат менаџерите, кои се исклучително активни во индустријата за патен транспорт и кои покажуваат извонредно професионално искуство и конкретни менаџерски достигнувања. Критериумите за номинација што ги поставува самата ИРУ, се: да имаат работно искуство во националниот и во меѓународниот патен транспорт во една компанија од најмалку пет години, најмалку три години да се членки на националната асоцијација на ИРУ, кај нас тоа е АМЕРИТ, и да соработуваат активно со неа на сите полиња. Исто така, да го имаат докажано своето успешно менаџирање со компанијата преку нејзиниот исклучителен раст или преку развојот на успешни висококвалитетни транспортни услуги, да поседуваат соодветен Сертификат за професионална компетентност, потоа еквивалентни квалификации од реномиран орган за обука, како што е Академијата на ИРУ или високообразовни дипломи. Кандидатите треба да го имаат спроведено и пристапот „научи да учиш“, наменет за персоналот, со цел да се промовира безбеден, сигурен, еколошки и ефикасен патен транспорт, со помош на систематско развивање на способностите на возачот, согласно со националните и меѓународните стандарди за патен транспорт и согласно со најдобрите практики, како оние предвидени од страна на Академијата на ИРУ. Исто така, тие да се во тек со најновите легислативи и практики во секторот, да имаат доказ за редовна и непрекината инволвираност во меѓународниот патен транспорт, прикажано преку користењето на ТИР-карнетите. Номинацијата на менаџерот за оваа награда од страна на асоцијацијата претставува и автоматска потврда дека под негово раководство, транспортната компанија нема направено никакви прекршоци на царински или на други административни регулативи.

танок на директорите на Царинските управи од Западен Балкан, во организација на Царинска управа на Република Македонија и со поддршка на УСАИД и Светска Банка/IFC. Главната цел на состанокот беше подготовка на заеднички пристап на царинските служби од регионот со цел унапредување на економската соработка и овозможување непречен проток на стоки и услуги, како и олеснето движење на капиталот, работната сила и на населението, воопшто. Тоа беа главните флоскули и за очекуваните ефекти што требаше да ги овозможи овој состанок, како и минување на границите без задржување и чекање. (*Со оглед на тоа дека состанокот се случи во време на затворањето на овој број на нашето списание за него ќе информираме во наредното издание). Меѓу мерките што се планирани се наведе и продлабочувањето на царинските услуги и постапки, преку зајакнување на оперативните капацитети, со цел зголемување на квалитетот на контролите и навремената реакција и понатамошно поедноставување на постапките и забрзување на процедурите, како на државно, така и на регионално ниво.

На ова претходеа владини средби и состаноци на македонската со српската и со бугарската царина, како и состаноци на министри со преставници на Албанија и Косово, на кои провејуваа најави за унапредување на регионалната соработка во царинското работење, за отворање нови гранични премини и за реализирање на регионални транспортни проекти, за минување на границите само со лични карти и слично. Меѓу другото, од конкретните активности, беше најавено и дека Македонија и Србија од март следната година ќе воспостават заедничко царинење на граничниот премин Табановце, откако ќе биде завршен новиот терминал. Како што притоа информираа премиерот Зоран Заев, министерот за финансии Драган Тевдовски и директорот на Царинска управа на Република Македонија Ѓоко Танасоски, заеднички била поддржана идејата за поедноставување на царинската постапка за да се прекинат редиците камиони, преку можноста за заедничко царинење на еден царински терминал.

**ЖИВА АКТИВНОСТ И НАЈАВИ ОД ЦАРИНСКИТЕ УПРАВИ ВО ЈИЕ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ПРИСТАП ОД СЛЕДНАТА ГОДИНА ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО БРЗ, НЕПРЕЧЕН И ЕВРОПСКИ ПРОТОК НА СТОКИ И УСЛУГИ, КАКО И ЗА ОЛЕСНЕТО ДВИЖЕЊЕ И МИНУВАЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ, БЕЗ ЗАДРЖУВАЊЕ И ЧЕКАЊЕ**

На ова претходеше мошне амбициозна најава и од првиот човек на Царинска управа, директорот Ѓоко Танасоски, дадена и пред домашните бизнисмени, на заедничките состаноци и средби, дека веќе од следната година компаниите побрзо ќе ја завршуваат царинската постапка и со помалку документи.

– Еден од стратешките приоритети за нас и за Министерството за финансии е подобрување и поедноставување на царинското законодавство, со цел олеснување на работата на малите и средните претпријатија и зголемување на конкурентноста и извозот. Најважен дел од новото царинско законодавство ќе биде новиот Царински закон што ќе биде усогласен со новиот Царински закон на Унијата, а кој почна да се применува од 2016 година – посочи Танасоски, кој истакна дека дел од измените ќе доведат до поедноставување на царинските постапки што ќе го олесни работењето на малите и на средните компании, ќе ја подобри нивната конкурентност и ќе им помогне поефикасно да се вклучуваат во глобалните синџири на трговија. Она што сега, на почетокот може да се најави, како што рече тој, е помал број на документи и побрзо завршување на царинските постапки, најавувајќи дека од 2018 година ќе се воведе нов софтвер за обработка на царински декларации, кој треба да придонесе кон значително подобрување и олеснување на царинското работење и воведување бесхартиена царинска околина што треба да го интегрира во себе и системот за електронско издавање дозволи за увоз и извоз.

– Планираме во соработка со граничните агенции да ги ревидираме сите непотребни дозволи што се бараат при увозот и транзитот на стоки во ЕХИМ- системот за електронско издавање дозволи, со цел олеснување на прекуграничното движење на стоките – нагласи Танасоски, оставајќи поголем простор и поголеми надежи и за транспортерите со конечно надминување на голем дел од нивните маки и проблеми во секојдневното работење.

Дали и колку од тоа ќе се оствари останува да видиме догодина. Новата 2018 година е веќе на прагот, па само ни останува искрено да посакуваме и да се надеваме дека транспортерите нема да доживеат уште едно разочарување!

Ј.Б.

www.amerit.org.mk

Статистички движења во патниот превоз во Македонија за третиот квартал



# ПОРАСТ КАЈ ПАТНИЧКИОТ, А ПАД КАЈ СТОКОВИОТ ТРАНСПОРТ

Кај патниот патнички превоз има зголемување за 11,8 проценти, а во товарниот е регистриран пад за 5,2 отсто, споредено со истиот период во минатата година

Статистичките податоци покажуваат превезени вкупно 2.077.000 патници и 16.619.000 тони стока за третиот квартал годинава во патниот транспорт што во патничкиот превоз е за 11,8 отсто повеќе, а во товарниот е пад за 5,2 отсто, споредено со истиот период во минатата година. Притоа, според објавените податоци на Државниот завод за статистика, има намалување за 5,5 отсто кај градско-приградскиот превоз, каде што сега се регистрирани 15.124.000 патници. Во однос на второто тримесечје од годинава, бројот на превезените патници во патничкиот превоз е намален за 0,7 отсто, а во градско-приградскиот превоз за 21,1 отсто, додека количеството на превезената стока во товарниот патен превоз е намалено за 21,5 отсто.

Податоците за првите девет месеци од годинава, покажуваат дека во товарниот патен превоз е регистрирано количество на превезена стока од 51.621.000 тони, од кои за сопствени потреби 37.884.000 тони и 13.737.000 тони за трети лица. Со автобуси во патничкиот превоз патувале 5.889.000 патници, од кои 5.217.000 во националниот и само 672.000 во меѓународниот превоз. Истовремено, во градско-приградскиот превоз се превезени 52.956.000 патници.

Секако, интересно е да се види и структурата и соодносите во другите видови транспорт, па така во третото тримесечје од 2017 година, во споредба со истиот период лани, во железничкиот превоз е зголемено количеството на превезена стока за 1,4 %, но во однос на второто тримесечје од годинава е намалено за 21,1 %. Во првите девет месеци од годинава со товарните возови се транспортирани 1.126.000 тони стока. Според податоците од Државниот завод за статистика, во третиот квартал од годинава со возовите биле превезени 126.000 патници што претставува намалување од 23,6 % во однос на истиот период лани. Во изминативе девет месеци возот како превозно средство го користеле само 358.000 патници.

Податоците за воздухопловниот превоз покажуваат дека на двата македонски аеродроми во периодот јули – септември 2017 година е регистрирано зголемување на бројката на патници за 19,5 % во однос на истиот период од минатата година. Споредено со второто тримесечје годинава тоа е за 39,4 отсто повеќе, при што во првите девет месеци од оваа година со авион патувале 1.538.891 патник.

Ј.С.Б.

Добра вест и за транспортерите

## Ќе се намалат цените во роамингот помеѓу Македонија и Бугарија

Македонија и Бугарија неодамна со меморандум ја официјализираа најавата за намалување на меѓународните тарифи за роаминг во телекомуникациските услуги. Меморандумот го потпишаа министерот за информатичко општество и администрација во Македонија, Дамјан Манчевски, и министерот за транспорт и информатички технологии во Бугарија, Ивајло Московски, во текот на заедничката седница на владите на двете држави што се одржа во Струмица. Тој овозможува регулаторните тела на двете земји да почнат процедура со која ќе ги поттикнат операторите да склучат договори за пониски цени при разговор, пораки и интернет во роаминг.

Цените на мобилните разговори помеѓу двете држави сега се едни од највисоките во Европа, при што за минута разговор во роаминг од Бугарија во Македонија се плаќаат меѓу 90 и 210 денари и 750 денари за мегабајт- интернет.

Македонија е првата држава од Западен Балкан со која Бугарија склучува меморандум за намалување на роамингот, а според најавите, во декември, треба да биде потпишан таков договор и со Србија. Меморандумот со Бугарија за ова намалување на цените ќе биде втора конкретна иницијатива во таа насока за регионот, каде што врз основа на меѓусебниот договор веќе беа намалени цените на роамингот помеѓу Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.






КРИСТИЈАН ЛАБРО
Претседател на Меѓународната унија за патен транспорт ИРУ

# ГОРДИ СМЕ НА СОРАБОТКАТА СО АМЕРИТ И НИВНАТА ПОСВЕТЕНОСТ КОН РАБОТАТА НА ИРУ

Неспорно е дека транспортната индустрија поминува низ период на криза и ни претстојат голем број на предизвици, со кои треба да се соочиме, па затоа, на ИРУ ѝ е потребна транспарентност и единство со цел „гласот на патниот транспорт“да остане на глобално ниво

**» Господин Лабро, најпрво честитки за неодамнешниот реизбор, а потоа и неизбежното прашање, како ја оценувате моменталната состојба во меѓународниот патен транспорт на самиот почеток на Вашиот втор двегодишен мандат на чело на ИРУ?**

Ви благодарам за Вашата поддршка. Она што е најважно е дека добив голема поддршка од многу членови на ИРУ и бескрајно сум благодарен за нивната доверба. Ми претставува особена чест да бидам претседател на ИРУ во наредните две години и да ја претставувам оваа асоцијација, особено бидејќи сум едногласно избран од моите колеги. Нестрпливо ја очекувам соработката со директорот на АМЕРИТ, господин Емил Милев, кој исто така беше едногласно изгласан, од претставници од целиот свет, за заменик претседател на нашиот Совет за товарен транспорт, што претставува уште една потврда за неговата компетентност и професионалност. Неспорно е дека транспортната индустрија поминува низ период на криза и ни претстојат голем број на предизвици, со кои треба да се соочиме, па затоа, на ИРУ ѝ е потребна транспарентност и единство со цел „гласот на патниот транспорт“ да остане на глобално ниво.

**Кои се главните насоки, тежишта и цели на кои ИРУ ќе им посвети најголемо внимание во периодот што следува, секако, гледано во двата основни сектори на патниот транспорт, превозот на патници и транспортот на стоки?**

Нашата работа во областа на товарниот транспорт ќе биде фокусирана на иновации и дигитализација на логистиката, со услуги како е-CMR и TIR-дигитални алатки. Исто така, сакаме да ги прошириме усогласените глобални транспортни конвенции и професионални стандарди во повеќе земји, нудејќи им ги соодветно нашите ус-

www.amerit.org.mk

луги и капацитети за обука и експертиза. Што се однесува на патниците и стоките, ние ќе продолжиме да го промовираме патниот транспорт како транспарентно и најефикасно средство за транспорт, особено преку нашата соработка со Европскиот парламент и европските власти. Веќе со самиот почеток на новата 2018 година е најавена стриктна примена на повеќе нови одредби од ЕКМТ - Повелбата за квалитет во патниот транспорт во Европа што ќе уследи по двегодишниот период на приспособување и усогласување на членките на ИРУ, но и на националните власти со овој нов стратешки документ, донесен со цел за подобро функционирање на меѓународниот патен сообраќај? Одредбите од ЕКМТ - Повелбата за квалитет во патниот транспорт во Европа официјално стапуваат во сила од 1 јануари 2018 година, додека критериумите за нивно спроведување и мерките за нивна реализација се предмет на тековната дебата со Меѓународниот форум за транспорт така што се очекува да бидат презентирани наскоро. Истите треба да бидат одобрени од министрите за транспорт на Самитот на Министри на ЕКМТ во Лајпциг во 2018 година. Денешниот општествен живот, како во Европа, така и во светски рамки е особено оптоварен со повеќе отворени кризни жаришта, случувања со и околу бегалската криза, а тука се и проблемите што ги предизвикува експанзијата на новите рестриктивни мерки, повисоките такси, давачки и санкции кои го оптоваруваат работењето на патните транспортери. Сето ова е наспроти постојаните заложби и на транспортните оператори и на нивните асоцијации, а се разбира и на самата ИРУ – за воведување на нови транспортни олеснувања во областа на патниот транспорт? Во денешно време се соочуваме со многу предизвици кои, доколку успееме, ќе ги претвориме во идни можности. Целта на ИРУ е да се пронајдат одржливи решенија за олеснување на трговијата, патниот товарен транспорт и логистиката. Меѓутоа, процесот на олеснување не секогаш претставува синоним за беспрекорна либерализација. Решенијата се темелат на три столба: економска одржливост, социјална прифатливост и еколошки перформанси. Конкурентните услови треба да бидат фер. Сепак, во нашето општество сè почесто на удар се прекуграничната трговија и олеснувањето на патниот сообраќај. Владите, вклучително и во Европа, постојано воведуваат нови гранични контроли или ги заострувааат претходнововедените. Европските институции разговараат за одржливоста на единствен пазар и разгледуваат соодветни решенија за недостатоците, вклучувајќи ги и работните услови во секторот за патен транспорт.

На 31 мај и 8 ноември оваа година, Европската комисија објави бројни предлози за измени на клучните делови на европското законодавство, од кои сите имаат значително влијание врз секојдневното работење на патниот товарен транспорт и логистиката, како во ЕУ, така и во соседните земји, чии возила се движат по патиштата на ЕУ.

Во ИРУ, ние согледуваме слични разлики во пристапот кон овие предлози, како и на политичко ниво. Ова е можност за ИРУ да изгради мостови и да ги обедини различните мислења и ставови под едно единствено знаме и да зборува со еден глас, со што ќе придонесе за зајакнување на европската транспортна индустрија.

ИРУ има за цел да ја идентификува и зацврсти индустријата со елементи кои можат да создадат поголема кохезија и да овозможат преземање на посилни иницијативи во областа на трговијата и на патниот транспорт, како и поставување рамки за

ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ Е НАЦИОНАЛНИТЕ НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ДА ГИ ПРИМЕНАТ ИСТИТЕ СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ОБУКА, КАКО ОНИЕ ШТО ГИ ПРИМЕНУВА АМЕРИТ, И ТОА ВО СИТЕ ОВЛАСТЕНИ ЦЕНТРИ ЗА ДАВАЊЕ ОБУКА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН ПАТЕН ТРАНСПОРТ ВО ЗЕМЈАТА, УСВОЈУВАЈЌИ ГИ НА ЗАКОНОДАВНО НИВО



олеснување на работата на клучните донесувачи на одлуки во областа на транспортот и логистиката во Европа и со тоа да придонесат кон постигнување на севкупните цели за глобален просперитет и одржливост.

» **Во една ваква проблематична констелација на општествени, политички, економски и други кризни случувања, кои во меѓународни рамки го оптоваруваат патниот сообраќај, како функционираат ТИР-системот и новите алатки продуцирани и од самата ИРУ и од нејзините тела, како ТИР-ЕПД, еТИР, зелените гранични ленти, како и тие за безбедноста и еколошката заштита во патниот транспорт?**

ИРУ се фокусираше на воспоставување дигитални ТИР- алатки како стандард, а неодамна со ОН потпишавме договор за дигитализација на ТИР што претставува кулминација на многугодишната работа. Договорот ги обврзува ИРУ и ОН да соработуваат со земјите на ТИР за конечно да се постигне целосно дигитален ТИР систем – по повеќе од 15 години дискусија со ОН.

Новите членови на семејството ТИР: Кина, Индија и Пакистан, кои претставуваат 40 % од светското население, ќе бидат целосно дигитализирани од самиот почеток. Ратификацијата на ТИР продолжува и во многу други земји. Во блиска иднина се очекува Оман, Саудиска Арабија и Аргентина официјално да пристапат кон конвенцијата. Исто така, потпишавме меморандум за соработка со Виетнамската влада, како клучен трговски партнер на Кина, во однос на следните чекори за ратификација на земјата.

Со ратификацијата доаѓа имплементација, со посебен фокус на Кина и Пакистан во последниве месеци. Одржуваме блиска соработка со CRTA за да ги развиеме и финализираме оперативните процедури и веќе ги очекуваме првите пилот-проекти на ТИР во Кина.

Значителен напредок покажа и eCMR. Грција во јуни го лансираше првиот пилот-проект во три соседни земји. Овој пилот-проект ќе го користи новиот портал на транспортниот оператор на ИРУ, еволуција на системот ТИР-ЕПД, на пробна основа. Словенија стана 12-тата земја, која го прифати eCMR, а интересот продолжува и во други земји во Европа и во Евроазија.

По усвојувањето на целите за одржлив развој на ОН, Светска банка го започна извештајот за глобална мобилност, испитувајќи како транспортот би можел да постигне одржлив развој и да ги оствари целите за заштита на животната средина. ИРУ беше активно вклучен во изготвувањето на овој извештај, давајќи свој придонес во сегментите за ефикасност и универзален пристап. Истакнувајќи го односот помеѓу прекуграничната поврзаност и економскиот просперитет, ИРУ го стави фокусот на трговијата и олеснувањето на транспортот преку спроведување на тестирани конвенции на ОН.



ВАЖНО Е ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ УСОГЛАСЕНОСТ СО БАРАЊАТА ОД ПОВЕЛБАТА ЗА КВАЛИТЕТ НА ЕКМТ ОД СТРАНА НА НАЦИОНАЛНИТЕ НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И ДА ИМ СЕ ОВОЗМОЖИ ПРИСТАП НА МАКЕДОНСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ЗА ПАТЕН ТРАНСПОРТ, ВКЛУЧЕНИ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПРЕВОЗ НА СТОКИ, КОН ВАЖНАТА АЛАТКА ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ТРАНСПОРТОТ, ОДНОСНО МУЛТИЛАТЕРАЛНАТА КВОТА НА ЕКМТ

Следните чекори ќе вклучуваат евалуација на перформансите на транспортот, вклучувајќи опипливи услуги и алатки, како што се TIR и e-CMR, како индикатори за спроведување на одржливост. Ние, исто така, продолжуваме со постојана обука и професионализација на индустријата преку Академијата на ИРУ, за справување со прашањата како што се безбедноста и заштитата на животната средина.

» **И ИРУ и ЕКМТ - Повелбата за квалитет во патниот транспорт во Европа, имаат нагласен акцент на потребата од едукација, дообука и доусовршување на транспортните кадри и во делот на менаџментот, но и меѓу возачите и другите мобилни работници во оваа сфера. Кај нас, во Република Македонија на оваа заложба особено работи и е активна СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ, како национална членка на ИРУ и како долгогодишен партнер на ИРУ Академијата за обука. Кои се Вашите препораки во оваа насока и што ново, на овој план, треба да очекуваме во наредниот период?**

Важно е да се обезбеди усогласеност со барањата од Повелбата за квалитет на ЕКМТ од страна на националните надлежни органи и да им се овозможи пристап на македонските оператори за патен транспорт, вклучени во меѓународниот превоз на стоки, кон важната алатка за олеснување на транспортот, односно мултилатералната квота на ЕКМТ.

За да се постигне сето ова, од витално значење е да се усогласи националното законодавство за професионални квалификации за патниот транспорт со барањата на Повелбата за квалитет и да се подигнат стандардите за квалитетот на професионалната обука и усовршување до тој степен



ВО НАПОРИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ИНДУСТРИЈАТА ЗА ПАТЕН ТРАНСПОРТ И РАБОТАТА СО ОН И ВЛАДИТЕ, ГИ ОХРАБРУВАМЕ СИТЕ ЗЕМЈИ ДА ЗАПОЧНАТ ДА РАБОТАТ СО ДИГИТАЛНИ ТРАНСПОРТНИ ДОКУМЕНТИ ШТО ЌЕ ДОВЕДЕ ДО ЗНАЧИТЕЛНО ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ПАТНИТЕ ТРАНСПОРТНИ ОПЕРАЦИИ И ПОГОЛЕМА ПРОФИТАБИЛНОСТ ЗА ТРАНСПОРТНИТЕ ОПЕРАТОРИ

што ќе бидат во согласност со одредбите од ЕКМТ - Повелбата за квалитет во патниот транспорт.

Преку призмата на барањата на ЕКМТ - Повелбата за квалитет, поддржани од институцијата за акредитирана обука на ИРУ во Вашата земја, Центарот за обука на АМЕРИТ е единствениот центар за обука, кој ги постигна неопходните стандарди за квалитет во професионалната обука за патен транспорт. Од суштинско значење е националните надлежни органи да ги применат истите стандарди за квалитет на професионална обука, како оние што ги применува АМЕРИТ, и тоа во сите овластени центри за давање обука за професионален патен транспорт во земјата, усвојувајќи ги на законодавно ниво.

Ова, исто така, вклучува усогласување на националните барања за обука со официјално признаените меѓународни норми или со програмите и стандардите на ИРУ Академијата што ги применува центарот за обука на АМЕРИТ.

**» Во последниве години, ИРУ нагласено негува активен регионален пристап во своето дејствување, особено на југот на Европа, поточно во нашиот регион на Западен Балкан. Дали ќе продолжи ваквата практика и во наредниот период и како на ова поле го оценувате дејствувањето на транспортните асоцијации, членки на ИРУ од регионот?**

ИРУ и нејзините членови секогаш бараат начини за да дадат свој придонес во индустријата за патен транспорт. На пример, кога станува збор за дигитализација на документи за патен транспорт, особено преку e-CMR и TIR, корисно е да се адресираат регионите или дури и специфичните коридори, кога се поддржува прифаќањето на овие прекугранични решенија за олеснување на трговијата. Изборот на региони или коридори се утврдува според интересот на нашите членови. Силните напори за дигитализација во Западен Балкан во голема мера се резултат на активноста на здруженијата, како што е АМЕРИТ. Јас сум горд на тоа што соработувам со АМЕРИТ во врска со овие иницијативи, како и на нивната посветеност кон работата на ИРУ.

Ние ќе продолжиме да соработуваме со нашите членки и со пошироката индустрија за патен транспорт и оваа практика ќе продолжи сè додека членките во различни региони, како што е Западен Балкан, заеднички работат кон остварувањето на зацртаните цели, како што е дигитализацијата.

**» ИРУ перманентно иницира поблиска соработка како со своите асоцијации – национални членки, така и со владите во светот, потоа со меѓународните финансиски институции, производителите на патни транспортни средства и опрема... Колку таквата соработка им е од помош на транспортерите во ова кризно време и во овој контекст, какви се релациите и односите на ИРУ со македонските власти и надлежни органи и секако со СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ?**

Во напорите за развој на индустријата за патен транспорт и работата со ОН и Владите, ги охрабруваме сите земји да започнат да работат со дигитални транспортни документи што ќе доведе до значително поедноставување на патните транспортни операции и поголема профитабилност за транспортните оператори.

Соработката со одредени национални власти се утврдува според интересот на членките на ИРУ. Во однос на соработката со индустријата, како што беше претставено во претходните изданија на вашето списание, Комисијата за услуги на ИРУ беше местото каде што повеќе од 40 национални здруженија работеа со различни даватели на услуги и производители на возила за дефинирање на нови услуги.

Во моментов, заедно со членките на ИРУ, ние ја проширувме оваа работа преку воспоставување на Форум за бизнис и иновации, за да обезбедиме клима каде што националните асоцијации, транспортните оператори од различни земји, шпедитери и даватели на услуги ќе учат едни од други и ќе можат да воспостават нови деловни односи. Почетокот на овој форум е закажан за април, во Холандија, и нестрпливо очекуваме да споделиме повеќе информации во текот на наредните недели, така што македонските транспортни оператори и АМЕРИТ ќе може да се вклучат во овој важен проект.

Ј.Б.

Десетгодишен јубилеј на познатиот транспортер






# ОИЛКО МАКЕДОНСКИ И РЕГИОНАЛЕН ЛИДЕР ВО ТРАНСПОРТОТ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

Транспортната фирма ОИЛКО КДА од Скопје на крајот на ноември одбележа заначаен јубилеј – 10 години постоење и дејствување на македонскиот и на регионалниот транспортен пазар така што во овој период доживеа метеорски успех прераснувајќи во вистински лидер во превозот на нафта и нафтени деривати. По тој повод, беше организирана пригодната свеченост и повеќечасовна забава, со присуство на многубројни гости од политичкиот, економскиот и културниот живот во земјава, меѓу кои и премиерот Зоран Заев и вицепремиерот Кочо Анѓушев, како и партнери, пријатели и вработени во компанијата, која е формирана во 2007 година, а чиј основач и најголем акционер е АД Макпетрол. На свеченоста зборуваше и присутните ги поздрави, претседателот на Управниот одбор на Макпетрол АД, Андреја Јосифовски.

– Горди сме на сето она што го направивме во изминативе 10 години затоа што инвестиравме во транспортни средства и во вработување луѓе за да ги задоволиме потребите на нашите комитенти и денес ОИЛКО се наоѓа на самиот врв на транспортни компании во земјава. Така ќе продолжиме и во иднина затоа што со расположивиот транспортен капацитет од над 100 автоцистерни и 55 вагон-цистерни ОИЛКО е во секој момент подготвен да превезе количина од четири и пол илјади тони нафтени деривати дневно. Инвестирањето ќе продолжи и во иднина, како во вработување на нови луѓе, во обновување на постојниот возен парк, така и во негово проширување со цел да се зголемат можностите за дневна испорака на нафтени деривати на нашите комитенти не само во земјата туку и во странство, бидејќи ОИЛКО е присутен и на пазарите надвор од Република Македонија.

**По повод јубилејот беше организирана пригодна свеченост и забава, со присуство на многубројни гости, партнери, пријатели и вработени**



Во оваа пригода сакам да им се заблагодарам на сите акционери и на сите вработени за нивниот труд затоа што она што денеска претставува ОИЛКО е наш заеднички успех – истакна Јосифовски.

Во изминатиот десетгодишен период ОИЛКО КДА овозможува безбеден транспорт на нафта и нафтени деривати во Македонија, одржувајќи го сигурен и ефикасен енергетскиот крвоток во целата држава, но е активен и во поширокиот регион, а пред сè во Грција, Србија, Косово, Албанија и Бугарија и други дестинации од овој дел на Европа, каде што исто така има бројни клиенти и партнери.

– Нашите возила секојдневно минуваат илјадници километри со единствена цел: брз и ефикасен транспорт на нафта и нафтени деривати од најурбаните до најруралните подрачја во земјава, а и во регионот. Создадовме врвна дистрибутивна мрежа, со најмодерни технологии и по највисоки стандарди, при што секаде сме присутни, секогаш сме достапни. Зад нашиот успех стои голем тим, комплексна организација и возила што имаат највисоко ниво на техничка опременост со кои се врши транспорт на: светли и темни деривати, метан, течен нафтен гас и транспорт на мешовита стока. Сите наши автоцистерни се изработени во согласност со највисоките стандарди на Европската Унија. Во секој момент имаме и целосна дигитална контрола врз сите информации потребни за нашиот бизнис – локација на сите возила, количина на деривати, планирани дестинации, и сето тоа во реално време. За таа цел, е инсталиран GPS-системот за навигација „Click&Find", кој овозможува комплетен мониторинг на возилата и притоа придонесува за оптимизација на транспортот, односно намалување на празните одови и зголемување на ефективноста во транспортот – вели Димитар Цеков, управител на ОИЛКО КДА.

Инаку, ОИЛКО поседува и сопствена автобаза, лоцирана во село Миладиновци, во близина на Скопје, која е изградена според сите безбедносни и еколошки прописи за стационирање на возила што транспортираат опасни материи, располага со паркинг-простор што е под постојан видео-надзор, како и со простории, во коишто е сместена администрацијата на друштвото.

Ј.Б.

Јирген Штајнмаер, директор за наплата на патарина во DKV Euro Service



# DKV BOX EUROPE ВО ИДНИНА ЌЕ МОЖЕ ДА СЕ КОРИСТИ НИЗ ЦЕЛА ЕВРОПА

Од 2018 година, на нашите клиенти ќе можеме да им го понудиме апаратот DKV BOX EUROPE, кој ги задоволува барањата на сите земји членки на ЕУ – вели Јирген Штајнмаер, директор за наплата на патарина во DKV Euro Service

Дали Вашиот апарат за наплата на патарина е во согласност со одредбите на Европскиот електронски сервис за патарина (EETS)? Довербата е добра, а контролата е уште подобра – ова важи и при воведувањето на апарат за наплата на патарина, кој може да се користи низ цела Европа. Јирген Штајнмаер, директор за наплата на патарина во DKV Euro Service, компанија која преку 80 години е еден од водечките провајдери на услуги во областа на логистиката и транспортот, дава одговор на прашањата, со кои превозниците треба да бидат добро запознаени пред набавката на ваков апарат за долгорочна употреба во рамките на цела Европа.

» **Господин Штајнмаер, превозниците веќе подолго време бараат да се набави единствен апарат за наплата на патарина што ќе може да се користи низ цела Европа. Дали нивната желба конечно ќе се исполни?**

– Од 2018 година, на нашите клиенти ќе можеме да им го понудиме апаратот DKV BOX EUROPE. Апаратот DKV BOX EUROPE ги задоволува барањата на сите земји членки на ЕУ и во иднина ќе може да се користи низ цела Европа.

» **Како транспортерите можат да проверат дали нивниот апарат е во согласност со одредбите на EETS и што значи овој термин?**

– Најпрвин, давателот на услугите за наплата на патарина треба да биде сертифициран како давател на услуги според одредбите на EETS или да го има набавено апаратот од сертифициран давател на услугите. DKV EURO SERVICE го обезбедува апаратот DKV BOX EUROPE од компанијата Toll4Europe GmbH, која е сертифициран давател на услуги според одредбите на EETS. Што се однесува на самиот апарат, тој треба да ги задоволи барањата наведени од секоја членка на ЕУ во т.н. изјава за патарина, со цел да биде комплетно функционален.

Накратко: доколку апаратот за наплата на патарина не ги задоволува овие барања во некоја земја, тој не може да се користи во таа земја. Секој реномиран давател на услуги за патарина може да потврди дека апаратот е во согласност со одредбите на EETS – односно дека може да се употребува долгорочно – доколку приложи сертификат за него. Важен предуслов е техничките барања да бидат исполнети.

» **Колку технички треба да биде опремен EETS апаратот?**

– Апаратот треба да биде опремен со хибридна радиотехнологија односно да евидентира и пресметува патарина врз основа на системите DSRC и GNSS – Dedicated Short Range Communications и Global Navigation Satellite System. За системите каде што наплатата на патарина се врши според бројот на оските, апаратот мора да содржи т.н. рачно копче за пресметување на истите, како што е случајот во Германија и Австрија. Од друга страна, италијанскиот систем за наплата бара дополнителен софтверски модул, бидејќи се заснова на различен радио - стандард од оној што се користи во другите DSRC земји.

DKV BOX EUROPE апаратот се заснова на последната генерација на единицата Sitraffic Sensus, произведена од Сименс. Тој веќе ги исполнува сите наведени барања. Сепак, на пазарот наводно се нудат одредени EETS апарати, кои не ги исполнуваат барањата и често се јавува потребата од нивна замена.

» **Кои други фактори, освен апаратот, се исто така важни?**

– Јас лично, како транспортер, постојано си ги поставувам следните прашања: Што очекувам од мојот апарат за наплата на патарина? Ќе треба ли по една или две години повторно да инсталирам нов апарат што би ме вратило на самиот почеток, или би вложил во докажан систем за наплата на патарина, како што е апаратот DKV BOX EUROPE?

» **Кои се предностите на апаратот DKV BOX EUROPE?**

– Апаратот On-Board Unit лесно се активира и по потреба може да се премести од едно возило во друго. Процесот на инста-

лирање или преместување на апаратот од едно во друго возило не одзема многу време. Регистрацијата за наплата и приклучување на други земји се врши едноставно преку DKV онлајн-порталот. Податоците се испраќаат преку патниот уред OBU така што ќе нема потреба од менување на апаратот. Оваа постапка заштедува време и административни трошоци, а корисникот останува флексибилен. DKV BOX EUROPE ги нуди сите потребни предуслови за понатамошните операции, како што се обезбедување на дополнителни услуги со додадена вредност, вклучувајќи ги и сеопфатните анализи на податоците за возилото.

» **Во кои земји ќе биде вграден овој апарат?**

– Целта е да се обезбеди наплатата на патарина во Белгија, пред пуштањето на апаратот во продажба, во 2018 година. Веднаш потоа, тој ќе биде воведен и во: Австрија, Франција, Шпанија, Португалија и Италија. Досега, нема обврзувачка изјава од операторите за наплата на патарина за спроведување на EETS одредбите во Германија и во Полска. Поради тоа, во моментов е неизвесно кога ќе биде овозможено евидентирање и пресметување на патарината во овие земји преку апаратот на EETS-OBU. Ова важи за сите компании кои нудат EETS услуги.




АПАРАТОТ DKV BOX EUROPE Е ПРОИЗВОД НА СИМЕНС И ЛЕСНО СЕ АКТИВИРА, А ПРОЦЕСОТ НА НЕГОВО ИНСТАЛИРАЊЕ ИЛИ ПРЕМЕСТУВАЊЕ ОД ЕДНО ВО ДРУГО ВОЗИЛО НЕ ОДЗЕМА МНОГУ ВРЕМЕ




АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

Ваш **ВЕРЕН ПАРТНЕР**
за **ДКВ картички**

тел: +389 (0)2 32 98 967 лок. 108 | моб: +389 (0)76 34 40 40 | факс: +389 (0)2 32 98 968 | e-mail: dkv@amerit.org.mk

Визијата на TimoCom за новата транспортна ера



# ИДНИНАТА МУ ПРИПАЃА НА АВТОНОМНОТО УПРАВУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПОРТИТЕ

Какво влијание има автономното управување на камионите врз спроведувањето на транспортите во иднина?



Гунар Гбурек, портпаролот на TimoCom

– Камиони кои сами се управуваат, се само почеток. Иднината му припаѓа на автономното спроведување на транспорти – вели Гунар Гбурек, портпаролот на TimoCom, најголемата транспортна платформа во Европа. Притоа, тој дава мал опис на дигиталната иднина на транспортната логистика, со објаснување за тоа какво влијание ќе има автономното управување на возилата врз спроведувањето на транспортите во иднина.

## Иновативните технологии не успеваат поради аналогната администрација

Колони со конвои од камиони влегуваат во тест-фаза. Platooning се нарекува транспортниот синџир, кој ја поврзува невидливата лента. Со тоа патот на стоката треба да биде поефикасен и поеколошки. Но што може да донесе оваа маркетинг акција на камионско поврзување, ако утоварната површина зјае празна. Што кога пропратната транспортна документација уште се испраќа по факс? А мануелното спроведување на налози?

За Гунар Гбурек, портпарол на TimoCom, камионите - роботи се само дел од еден транспортен синџир, кој може да биде заочен не на патиштата туку во канцелариите.

– Кој сака да се оствари процесот на автономните камиони, мора да се погрижи и административните процеси, кои се однесуваат на транспортните налози да се спроведуваат автономно. Во спротивно, иновативните технологии ќе останат заглавени во каменото доба. Од приемот на налози, до изработувањето на фактурите, процесите кои целосно самостојно се управуваат, го носат камионот на лентата за престигнување. Истовремено, работата на диспонентите и на работниците во управата ќе добие на важност – убеден е Гбурек, кој додава дека ИТ помага да се намали работата кај обврски кои постојано се повторуваат и притоа вработените се поддржуваат да го извлечат најдоброто од својата работа.

## Трошоците за управување со налозите се намалуваат за една третина

TimoCom, во изминатите неколку месеци, направи еден важен чекор во автономниот транспортен свет. Од пред неколку месеци корисниците со новата апликација TC Transport Order можат целосно дигитално да ги спроведуваат своите деловни зделки.

– Кој дозволува системот да работи за него, може најмалку за една третина да ги намали трошоците за администрација – нагласува Гбурек.

А како изгледа иднината? Автономното управување, следното ниво, според визијата на портпаролот на компанијата, е интегрирана услуга во интернетот на предмети (IoT). Во тој свет, машините ќе препознаат според кои производни количини треба да се активира одреден транспортен налог. Палетите ќе бидат интелигентни носители, кои сами ќе ја јавуваат вкупната тежина до транспортната платформа. Возилата автоматски ќе се приклучуваат на утоварните капии, каде што има слободен простор за претовар.

Многу технолошки иновации, кои ќе произлезат од дигитализацијата, веќе денес се реалност, или се во фаза на тестирање. За одржливо да се оптимизираат логистиката

и патниот товарен сообраќај, мора во многу фирми да се изврши промена во размислувањето.

– Вмрежувањето живее од делењето податоци. Но, тоа е тешко и за фирмите, кои несомнено ги имаат прифатено предностите на дигитализацијата – вели Гбурек.

### „Утоварниот простор и понатаму ќе остане утоварен простор“!

Како независна, неутрална транспортна платформа TimoCom сака на своите корисници да им го трасира патот до дигиталната транспортна ера (тука сè повеќе припаѓаат и фирмите од индустријата и трговијата). Веќе денес регистрираните корисници се движат автономно. Без оглед на различните системи, благодарение на апликации, податоците и информациите можат да се разменуваат преку платформата. Дури се можни и четови во врска со конкретни понуди. И големината на фирмата нема значење за да се има можност да се учествува на транспортниот пазар.

Кон што се развива транспортната бранша? Една од целите на автономното спроведување на транспорти е да се намали бројот на празни километри.

– Притоа нема сè целосно да се смени. Утоварниот простор ќе остане утоварен простор. И возач на камион ќе постои – уверува портпаролот на TimoCom и дава споредба со карго - превозот: – Голем дел од задачите, кои пилотот морал да ги исполни пред 50 години, сега се одвиваат целосно автоматски. Сепак, тој никогаш нема да биде целосно заменет – категоричен е Гбурек.

TimoCom Soft- und Hardware GmbH е ИТ-специјалист, фирма од средна големина, која се има фокусирано на развојот и вмрежувањето на апликации за транспортната дејност. Фирмата управува со најголемата транспортна платформа во Европа. На TimoCom платформата дневно се нудат и до 750.000 меѓународни понуди на утовари и утоварен простор. Логистичката мрежа на TimoCom се состои од над 38.500 проверени фирми.


Автономниот камион ја предизвикува дигиталната транспортна ера

## TIMOCOM ЗБОРУВА ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД АВТОНОМНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПОРТИТЕ ЗА ПРЕВОЗНИЦИТЕ, ШПЕДИТЕРИТЕ И КЛИЕНТИТЕ ОД ИНДУСТРИЈАТА И ТРГОВИЈАТА

АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

ASSOCIATE TRAINING INSTITUTE
IRU





[ ДЕКЕМВРИ ]

| | | |
|---|---|---|
| **ВОЗАЧИ** | | |
| ОБУКА | Вторник, | 12.12.2017 [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Среда, | 06.12.2017 |
| | Среда, | 20.12.2017 |
| **УПРАВИТЕЛИ** | | |
| ОБУКА | Среда, | 13.12.2017 [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Четврток, | 07.12.2017 |
| | Четврток, | 21.12.2017 |
| **АДР** | | |
| ОБУКА | Четврток, | 14.12.2017 [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Четврток, | 07.12.2017 |
| | Петок, | 22.12.2017 |
| **АДР СОВЕТНИЦИ** | | |
| ПОЛАГАЊЕ | Петок, | 22.12.2017 |

ЦЕНТАР ЗА ОБУКА
СЕРТИФИКАТИ
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И АКРЕДИТАЦИИ

АМЕРИТ
ЦЕНТАР ЗА ОБУКА

тел. **02/ 32 98 967** лок.130
e-mail: **obuka@amerit.org.mk**

Поради големото загадување на воздухот во главниот град



# ГРАД СКОПЈЕ СО НЕКОЛКУ ЕКО-МЕРКИ ВО СООБРАЌАЈОТ

Градските власти во метрополата сметаат дека загадувањето се решава единствено со среднорочни и долгорочни мерки што инаку треба да се продуцираат и на локално и на централно ниво во наредниот период

Забрана за движење со возила во парк-шумата Водно за викенди и празници, еколошко мапирање на возилата, како и бесплатен јавен превоз на сите автобуски линии во услови кога ќе се надмине прагот на загадување... Ова се првите еко- мерки, кои ги изгласаа новите градски власти на Скопје, со цел ублажување на штетните ефекти што ги предизвикуваат возилата и сообраќајот врз воздухот во главниот град. Новиот градски татко, градоначалникот Петре Шилегов очекува мерките да имаат некаков ефект, но вели загадувањето се решава единствено со среднорочни и долгорочни мерки што инаку треба да се продуцираат и на локално и на централно ниво во наредниот период.

Првата мерка стартуваше во последниот викенд од ноември и со неа Советот на Град Скопје воведе забрана за движење возила до Средно Водно за време на викендите и државните празници. Воведени се и две нови пробни автобуски шатл-линии на ЈСП „Скопје“ на број 25 (на почетокот бесплатно), кои ќе превезуваат патници од Транспортен центар до Средно Водно, а се обезбеди и бесплатно паркирање во катната гаража на улицата „Свети Кирил и Методиј“ и на паркингот кај Цветен пазар (Дом на печат). Средствата за спроведување на оваа мерка на ЈСП „Скопје“ и ЈП „Градски паркинг“ ќе им бидат надоместени од буџетот на Град Скопје.

Градоначалникот Шилегов најави и задолжителни еко-налепници во три бои, црвена, жотла и зелена, (какви што веќе се користат во повеќе европски држави), а во зависност од тоа, колку возилата придонесуваат за загадувањето во Скопје. Во таа насока, Град Скопје заедно со МВР иницираа законски измени со кои при техничкиот преглед на возилата, секое возило ќе може еколошки да се мапира и ќе добие налепница.

– Очекувам дека тоа ќе можеме да го сработиме и во законска форма и дека до крајот на годината ќе помине во Собранието на Република Македонија. До крајот на другата година, би можеле да ги имаме мапирано возилата, во еколошка смисла, на територијата на целата држава. Правиме анализа на категоризација на возилата по издувни гасови, согласно со правилата на ЕУ и потоа административно да го забрануваме сообраќајот за возилата загадувачи – вели Шилегов и појаснува дека ова нема да има дополнителни финансиски импликации врз буџетот на граѓаните бидејќи и така секој граѓанин врши технички преглед во текот на годината.

Шилегов најави и дека во зависност од загадувањето на воздухот ќе се воведе скалесто зголемување на цената на паркирање (во Општина Центар се подготвува предлог-одлука со која до 50 отсто ќе поскапи паркирањето), а преку цената за превоз, граѓаните ќе се стимулираат да го користат јавниот превоз.

Исто така, градските власти апелираат: возилата да не се користат без потреба, повеќе лица да се возат во едно возило, да се користи јавниот превоз, да се спроведува зачестено чистење на улиците и пешачките површини во надлежност на општините во градот Скопје, доставата на стоки со возила да се извршува пред 7:30 или по 18 часот, обуките на авто-школите да се реализираат во периодот од 9:30 до 14:30 и по 18 часот, да се зајакнат вонредните контроли на МВР во однос на техничката исправност на возилата за кои се сомневаат дека имаат зголемени емисии на штетни гасови.

Во главниот град, сообраќајот е втор најголем причинител за загадувањето (20 %), пред загревањето од домаќинствата (32 %), според истражувањето во склоп на Планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух за Скопскиот регион. Неофицијално, ако бројката на регистрирани автомобили во државата е околу 400.000, од нив една третина се во Скопје, кое практично е преплавено од „дизелаши“. Имено, во метрополата има 85.907 бензинци и 48.290 „нафташи“, а ако се додадат автобусите, камионите, работните и влечните возила и трактори, се добива речиси идентичен број на возила на бензин и дизел, при што дополнителен притисок прават и големиот број возила кои секојдневно доаѓаат од внатрешноста на државата.

Ј.С.Б.



Владата бара решенија за (до)изградба на автопатиштата



# АНЕКС-ДОГОВОР И ЗА КИЧЕВО – ОХРИД ДО ЈАНУАРИ ИДНАТА ГОДИНА

Со ова ќе се комплетира завршувањето на сите три автопати, чија реализација е во тек во последниве години

До крајот на јануари следната година треба да завршат преговорите на Министерството за транспорт и врски и кинеската компанија „Синохидро“ за потпишување анекс-договор за отстранување на недостатоците и за дополнителни финансии за (до)изградба на автопатот Кичево – Охрид. Со тоа ќе биде утврден и новиот рок за финализирање на овој проект, кој првично требаше да чини 374 милиони евра, а според договорот што го склучила претходната Влада, требаше да биде изграден токму до 31 јануари 2018 година. – Ние сметаме дека е добро дотогаш Владата и ЈП за државни патишта да склучат анекс-договор за продолжување на рокот и да биде утврдена дополнителната цена, која треба да ја има за да се догради автопатот – вели Горан Сугарески, министерот за транспорт и врски.

Напоредно со преговорите, според Зоран Китанов, директорот на ЈП за државни патишта, забрзано се работи и на целата експропријација на земјиштето и на одредувањето клучки за вклучување и исклучување од автопатот.

– Не треба да се брза со изградбата, за да не се повторат претходните грешки и пропусти – вели Китанов и додава дека се отстрануваат и сите пречки за продолжување на изградбата на автопатот Миладиновци – Штип, за кој Владата и „Синохидро“, со анекс-договор го продолжија рокот за изградба до септември следната година и се обврзаа до 15 февруари да нема меѓусебни отштетни побарувања. Првичниот рок за завршување на оваа автопатска делница во должина од 47 километри, а во вредност од 206 милиони евра, беше во мај годинава.

Како што е веќе познато, и за третиот автопат, Демир Капија – Смоквица што го изведува грчката компанија „Актор“, исто така со анекс на договорот беше продолжен (без финансиски надомест) рокот за (до) изградба до март идната година (тој требаше да биде готов до 1 ноември годинава). Дотогаш треба да се заврши дислокацијата на далноводот на МЕПСО и изградбата на Контролниот центар кај Неготино. Вкупната инвестиција за оваа делница, чија должина е 28 километри и која почна да се гради во 2012 година, изнесува 218 милиони евра.

Ј.С.Б.

## Ќе се гради експресен пат Штип – Радовиш

– Потпишавме договор за изградба на експресен пат од Штип до Радовиш, во должина од 23,5 километри, а во вредност од 28 милиони евра, обезбедени со заем од Европската банка за обнова и развој – соопштија неодамна министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески и директорот на ЈП за државни патишта, Зоран Китанов. Патот ќе се гради на целосно нова траса од местото Софилари пред Штип до Бучим, а треба да биде завршен за три години. Максималната дозволена брзина ќе биде 110 километри на час.

– Овој пат ќе биде продолжување на автопатот Миладиновци – Штип, а очекуваме да биде завршен следната година. Се надеваме дека ова комплетно ново сообраќајно решение ќе придонесе за намалување на времето за транспорт на стока и патници – рече Сугарески, потенцирајќи ја важноста на патот за жителите од регионот и посочувајќи дека сообраќајот на стариот регионален пат се одвива во отежнати услови од аспект на безбедноста.

## Инвестиции од 86 милиони евра за обнова на 26 патни правци

Осумдесет и шест милиони евра ќе бидат вложени во обнова на 26 патни правци, од кои дел автопатишта, а повеќето регионални, во вкупна должина од 422 километри, при што нивната реконструкција ќе се врши во наредните година-две, најави неодамна министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески.

– Голем дел од овие патишта ги ветивме во нашата програма, а дел се нови и за нив обезбедивме средства од меѓународни финансиски институции – истакна Сугарески, кој потенцираше дека со тоа ќе се изврши квалитетно подобрување и подигнување на безбедноста на патната мрежа во Македонија на повисоко ниво.

Притоа, меѓу другите, е предвидена обнова од автопатските делници Миладиновци – Петровец, Хиподром – Петровец и Миладиновци – Хиподром. Ќе се проширува левиот и ќе се обновуваат двата коловози на патот Катланово – Петровец, а и патот Пробиштип – Крупиште и третата лента од Фаришка клисура – Прилеп. Реконструкција ќе се врши и на патниот правец Маврови Анови – Жировница и на Штип –Радовиш, а ќе се обновуваат и патот Кривогаштани – Крушево, Карпалак – Желино, Скопје – Блаце, Крива Паланка – Ранковце, како и Подмолје – Струга – Ќафасан. А најавена е реконструкција и на патиштата Куманово – Свети Николе, Крушево – Демир Хисар и патот Куманово – Велес. Тука се и делниците: Велес – Градско – Неготино – Демир Капија, Другово – Демир Хисар, Кичево – Македонски Брод...

Ј.С.

www.amerit.org.mk

Поранешниот рели ко-возач и прв човек на ФИА на Генералното собрание на ИРУ



# ЖАН ТОД: „НЕОПХОДНА КОЛЕКТИВНА АКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТИШТАТА“

„Со активности во повеќе од 100 земји и достигнувајќи широка мрежа, ИРУ може да игра клучна улога во помошта да се постигне нашата заедничка цел за побезбедни патишта“ – Ж. Тод

Специјалниот пратеник на Обединетите нации за безбедност на патиштата и претседател на Меѓународната автомобилска федерација (ФИА), Жан Тод, неодамна беше главен говорник на Генералното собрание на Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ, што се одржа во Женева, каде што ги претстави своите уникатни гледишта за преземање колективна акција за безбедност на патиштата. Присуството на поранешниот рели-возач и извршен директор на „Ферари“ на овој настан, беше во насока на поддршка на ИРУ и за пошироката комерцијална патна транспортна индустријата во водењето на кампањата за безбедност на патиштата.

– Безбедноста на патиштата е глобално прашање, кое бара глобални напори. Со активности во повеќе од 100 земји и достигнувајќи широка мрежа, ИРУ може да игра клучна улога во помошта да се постигне нашата заедничка цел за побезбедни патишта – истакна Жан Тод во своето излагање пред членките на ИРУ.

Давајќи приоритет на обуките и иновациите, како и на сè поголемиот број на проекти во овие области, ИРУ неодамна во Париз беше учесник на панел на ФИА за безбедност на патиштата. Поканата за ова учество, добиена од Тод, се заснова токму на тој импулс за глобална акција и ја зајакнува потребата за заедничка одговорност за ефектите на промените, со цел поголема безбедност во сообраќајот на патиштата. Пораката на ИРУ, притоа е дека секоја несреќа е преголема штета што повикува на холистички пристап и насочување на главните причини за несреќи, како и за ангажирање на сите релевантни сектори, вклучувајќи ги: транспортот, полицијата, образованието, здравството и осигурувањето. Статистички гледано, 85 % од несреќите кои вклучуваат комерцијални возила, покажуваат дека тие се предизвикани од однесувањето на возачите, при што како критични точки се посочуваат важноста на обуката и споделувањето на знаења во овој сегмент. Инаку, ИРУ продолжува да работи со широк спектар на партнери за иновативни технологии и процеси за промовирање на безбедноста на патиштата, преку професионализација и модернизација на индустриските услуги.

По предлогот за комбиниран транспорт на Европската комисија

## Според ИРУ, модалната промена нема да функционира!

Марк Билиет од ИРУ: „Централната точка на предлогот на Комисијата треба да се подобри во однос на ефикасноста и капацитетот на мултимодалната транспортна и логистичка мрежа на ЕУ“

Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ предупредува дека предлогот за модернизација на застарената директива за комбиниран транспорт не ја разгледува потребата за севкупно подобрување на мултимодалната транспортна и логистичка мрежа и се фокусира на зголемување на патните товарни и други начини на транспорт. Ревидирањето на директивата доаѓа како дел од сет на законодавни предлози од Пакетот за чиста мобилност. По тој повод, Марк Билиет, кој ги предводи активностите на ИРУ за стоковен транспорт во ЕУ смета:

– Централната точка на предлогот на Комисијата треба да се подобри во однос на ефикасноста и капацитетот на мултимодалната транспортна и логистичка мрежа на ЕУ. Политиките, кои имаат за цел да ја принудат модалната промена не работат. Ние не сме виделе никакви значајни модални промени во последните 25 години и овој предлог нема да промени ништо – вели Билиет.

Комисијата секогаш идентификува голем број недостатоци во постојната директива за комбиниран транспорт, како што се: нејасната дефиниција за комбиниран транспорт, застарените методи потребни за обезбедување докази и предизвиците, кои се вклучени во користењето на рестрикциите за пристап на пазарите за патен транспорт на ЕУ.

Меѓутоа, ИРУ предупредува дека Комисијата не оди подалеку од обезбедување на јасност, правичност, ефикасност и добро спроведување. Исто така, ИРУ е изненаден од дискриминаторскиот пристап во врска со изборот на режими на непатен товарен транспорт што може да се користи како дел од комбинираниот превоз и од предлогот на Комисијата за понатамошно намалување на ризикот. Притоа, се смета дека би било подобро да се стимулира користењето на европските модули за модуларни концепти со цел да се намали бројот на камиони потребни за зголемување на капацитетот на транспортот.



– Комисијата има нова улога во поглед на стимулациите и понатаму да го разјасни опсегот на комбинираните транспортни операции на ЕУ. Европскиот парламент и Советот ќе бидат задолжени за предлогот на Комисијата и ИРУ е подготвен да соработува во оваа работа – истакнува Марк Билиет.



# ADR ИМА ДИРЕКТЕН ПРИДОНЕС ВО НАМАЛУВАЊЕТО НА РИЗИЦИТЕ НА ПАТИШТАТА

И во ИРУ и во УНЕЦЕ се едногласни дека ADR придонесува за подобрување на безбедноста на патиштата при превоз на опасни материи

Во соработка и партнерство со Економската комисија на Обединетите нации за Европа – УНЕЦЕ, Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ неодамна прослави 60 години од Договорот за меѓународен патен превоз на опасни материи (ADR). На одбележувањето на овој своевиден јубилеј, беше посочен долготрајниот успех во овозможување побезбеден транспорт на опасни материи, кој претставува катализатор за идната работа на транспортерите, при што е неопходно подигнување на глобалната свест за придобивките од неа и проширување на нејзиниот географски опсег на примена. Беше потенцирана и улогата на ИРУ во помагањето на договорните страни за разбирање, изработка и развивање на ADR, заедно со работата за подигање на свеста за нејзино вградување во комерцијалните услуги за патен транспорт, а што се признава како значајно достигнување на успешното јавно-приватно партнерство со УНЕЦЕ. По тој повод, извршниот секретар на УНЕЦЕ, Олга Алгајерова истакна:

– ADR има направено директен придонес во текот на последните 60 години за подобрување на безбедноста на патиштата за превоз на опасни материи, за намалување на ризиците и спасување на животи. Како глобален договор, ADR е отворен за сите земји-членки на Обединетите нации. Зголемениот меѓународен интерес за ADR значи дека сè повеќе и повеќе земји ќе можат да имаат корист од зголемената безбедност на патиштата – рече Алгајерова.

ADR е многу ефикасна алатка за спречување на сериозни несреќи. ИРУ одигра активна улога во текот на изминатите години укажувајќи дека нејзините одредби за безбедност се повеќе глобални, рентабилни и остварливи, со ревизии, кои се во тек со индустриските иновации и практики. Како дел од поширокиот напори на Меѓународната унија за патен транспорт за промовирање на безбедноста на патиштата, ИРУ ја олеснува обуката и градењето на капацитетите, како клучни за спречување на несреќи.

– Задоволство е да се осврнеме на 60-годишнината од влезот на ИРУ во изготвувањето и развојот на Договорот за АДР и неговиот значителен придонес во подобрувањето на безбедноста на патиштата. Гледајќи напред, ИРУ ќе продолжи да ги поддржува ревизиите додека се развива индустријата и денес, ја зајакнуваме пораката дека глобалните конвенции, заедно со обуката, се најефективното средство за обезбедување, професионализација и усогласување на услугите за патен транспорт низ целиот свет – потенцира Умберто де Прето, генерален секретар на IRU.

Оваа најава од состанокот на Работната група на ОН за превоз на опасни материи ги следи неодамнешните амандмани, нудејќи јасност во однос на ограничувањата на оптоварувањата што ги носат возачите по транспортна единица за подобро да се олесни испораката на опасни материи.

ИРУ во Женева најави

## Наскоро први пакистанско-ирански ТИР транспортни операции

Првите транспортни операции помеѓу Пакистан и Иран се во фокусот на Меморандумот за разбирање потпишан помеѓу транспортните асоцијации на овие држави и ИРУ во Женева, а чија реализација се очекува во наредните недели. Меморандумот за разбирање воспоставува соработка помеѓу двете ТИР-здруженија на соодветните земји, во врска со организацијата и следењето на перформансите на првичниот транспорт со ТИР. Иранската стопанска комора за индустрии, рударство и земјоделство (ICCIMA) и Пакистанскиот национален комитет на меѓународната стопанска комора (PNC-ICC) се согласија да ги извршат првите операции на ТИР меѓу двете земји и да го структурираат патоказот за да ги идентификуваат сите пречки што притоа ќе се појават, со препораки за тоа како тие да се решат.

Во Меморандумот за разбирање се предвидува дека ТИР-ЕПД - дигиталниот систем за доставување на претходни информации до царинските органи на двете земји – се користи за транспорт со ТИР, извршен во рамките на проектот.

Со успешно завршените дигитални алатки за ТИР транспорти помеѓу Иран и Турција што беа реализирани претходно, постои силен потенцијал за коридорот Исламабад – Техеран – Истанбул да има корист од целосно дигитални ТИР транспортни операции во иднина.



Билатерална средба помеѓу царинските служби на Македонија и Србија





# ВИСОКО НИВО НА СОРАБОТКА ЗА БРЗО МИНУВАЊЕ НИЗ ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Добрата соработка на двете царински служби се потврдува и со фактот што сите оперативни проблеми на најфреквентниот заеднички граничен премин Прешево – Табановце се надминуваат брзо и ефикасно

Соработката помеѓу царинските служби на Македонија и Србија е на високо ниво и таа дополнително ќе се зајакнува и продлабочува во наредниот период, оценија неодамна делегациите на царинските управи на двете земји, на билатералната средба што се одржа во Белград, во рамките на посетата на северниот сосед, од страна на владината делегација предводена од премиерот Зоран Заев. Притоа, работните тимови на двете царински служби, на чие чело беа директорите Ѓоко Танасоски и Милош Томиќ, разговараа за повеќе теми од интерес за унапредување на заемната соработка, како и за придонесот кон понатамошно забрзување на преминувањето на границата на граничните премини. На средбата беше констатирано дека високото ниво на соработка помеѓу двете царински управи е потврдено и со фактот што сите оперативни проблеми на најфреквентниот заеднички граничен премин Прешево – Табановце се надминуваат брзо и ефикасно.

Од Царинска управа на Република Македонија информираа и дека на состанокот била разгледана меѓусебната соработка во рамките на Спогодбата за заемна помош по царинските прашања и Протоколот за размена на царинските информации (SEED), а во насока на постигнување на поголема брзина и оперативност при размената. Исто така, е истакнато дека во текот на последните десет години, двете царински управи активно соработуваат во имплементацијата на Договорот за слободна трговија во Централна Европа (ЦЕФТА) и дека понатамошното продлабочување на оваа соработка е од интерес како за двете држави така и за целиот регион.

Со цел подобра контрола и надзор на државната граница

## Унапредување на соработката на Царина со Националниот координативен центар за гранично управување

На оваа бизнис-средба во Царинска управа присуствуваа претставници на 15 домашни компании

Директорот на Царинска управа на Македонија, Ѓоко Танасоски, неодамна одржа состанок со Владимир Пивоваров, национален координатор на Националниот координативен центар за гранично управување (НКЦГУ), тело на Владата на Република Македонија задолжено за координација и соработка со институциите и телата кои имаат надлежност на државната граница. На состанокот подетално беа презентирани идните планови за работа и развој на НКЦГУ и беше искажана подготвеност за спроведување на заложбите на ЕУ за целосно воспоставување на системот на координација и соработка помеѓу институциите надлежни за контрола и надзор на државната граница. Претставниците од двете институции истакнаа дека интензивно ќе соработуваат на сите нивоа, со цел обезбедување непречен проток на луѓе и стока преку границите на Република Македонија, од една страна, и спречување на секаков вид организиран криминал и други нелегални активности со кои се нарушува мирот, безбедноста, легалната трговија, стабилноста, како и целосно функционирање на позитивните законски одредби, од друга страна.

## Ново работно време на Царинската испостава Штип

Царинска управа на Република Македонија од 13 ноември има ново продолжено работно време, како и можност за царинење во сабота во Царинската испостава Штип. Ваквата новина е воведена заради олеснување на работата на текстилните фабрики и на сите учесници во царинската постапка, при што заради контрола на спроведување на поедноставените постапки и извозно царинење, работното време ќе биде од понеделник до петок од 8:00 до 20:00 часот и во сабота од 10:00 до 22:00 часот. Новото работно време е резултат на заемната соработка на Царинска управа со стопанските комори и со Текстилниот кластер и треба да обезбеди значителни финансиски заштеди за текстилните компании.

Претставниците од Текстилниот кластер изразија огромно задоволство за донесената одлука, преку која се покажува подготвеноста на Царинска управа да даде поддршка како на извозно-ориентираните текстилни компании, така и на сите извозници воопшто, а воедно таа дава сигнал за воспоставување на долгорочна плодна соработка помеѓу економските оператори и Царина.

Во Царинска управа на иницијатива на стопанските комори



# ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ СЕ ПРЕТСТАВЕНИ НОВИНИТЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Беше претставена визијата за Регионот CEFTA и неговото интегрирање во економска зона, која до 2023 година се очекува да се преобрази во мала унија

Во просториите на Царинска управа на Македонија, во втората недела од ноември се одржа презентација иницирана од стопанските комори и поддржана од повеќе профили на учесници: увозници, извозници, застапници во царински постапки и професори, а на која беше изложен патоказот, по кој ќе се менуваат прописите во царинското работење во периодот од пет години. Пред присутните претставници на околу 120 економски оператори, беше презентирана визијата за Регионот CEFTA и неговото интегрирање во економска зона, која до 2023 година се очекува да се преобрази во мала унија, како неопходен чекор за да се обезбеди поголем и побрз напредок за регионот, со силна поддршка од Европска Унија и од Светска банка. Притоа, директорот на Царинска управа, Ѓоко Танасоски, во своето обраќање, пред присутните уште еднаш ја потврди подготвеноста на Царинска управа секогаш да ги поддржи компаниите во нивните нови разнојни движења преку советување и информирање.

Во презентациите за регионалната економска зона CEFTA, концептот за регионален економски оператор, поедноставените постапки, транзитот и потеклото на стоки, беше најавено и преминување на концептот на регионален овластен економски оператор што ќе биде признаен во рамките на CEFTA, потоа меѓусебно прифаќање на прекуграничните документи, спојување на граничните агенции, заедничко управување со ризик, како и: скратување на постапките, размена на информациите, воведување на целосна кумулација на потекло во рамките на CEFTA, мониторирање на нецаринските бариери, дигитална интеграција (воведување на нов компјутерски софтвер со електронско потпишување на документи), промовирање на регионалните инвестиции, слободно движење на професионалци (меѓусебно признавање на дипломи). Се потенцираше и потребата компаниите навремено да ги направат приспособувањата за да опстанат во конкурентската борба и да се наметнат како успешни на регионално ниво. Во оваа насока и Царинска управа преку нов тек на изработка на стратешки план ќе дефинира јасни цели за справување со новите предизвици. Веќе се иницирани неформални состаноци со директорите од земјите на регионот CEFTA, од кои првиот ќе се одржи во Македонија.

## Царина за 10 месеци оствари повисоки приходи за 7,8 отсто

Царинска управа на Република Македонија во изминатите десет месеци од годинава ги натфрли приходите за 7,8 проценти, при што се остварени 64,5 милијарди денари што е за 4,7 милијарди денари повеќе од истиот период во минатата година.

– Продолживме со успешна реализација на наплата на давачки при увоз како царина, данок на додадена вредност и акцизи и наплата на акцизи не само при увоз туку и во внатрешен промет – вели директорот на Царинска управа на Република Македонија, Ѓоко Танасоски, и додава дека успехот остварен при наплатата на приходите се должи на повеќе фактори, а пред сè на зголемената финансиска дисциплина на сите учесници во трговијата. Според него, многу е важна и соработката со институциите кои вршат контрола на внатрешниот пазар, особено со Управата за јавни приходи и со Државниот пазарен инспекторат.

Состанок на претставници од Царинска управа и Меѓународниот институт за кривично право и човекови права во Сиракуза

## Презентиран проектот „Зајакнување на борбата против недозволената трговија во ЈИЕ“

Претставници на Царинска управа на Македонија кон крајот на октомври одржаа состанок со членови на Меѓународниот институт за кривично право и човекови права во Сиракуза, во врска со проектот „Зајакнување на борбата против недозволената трговија во Југоисточна Европа“. Во рамките на овој проект е планирано да се спроведе првата сеопфатна студија за предизвиците и препреките во борбата против недозволената трговија, во Република Македонија и во 11 други земји. Проектот е во траење од 24 месеци, при што неговите конкретни активности започнуваат овој месец, а во него ќе учествуваат бројни партнери – министерства, служби за прогон, органи задолжени за спроведување на закон и царински служби, како и академии за обука на стручни лица од областа на кривичното право.

На средбата во Царинска управа се дискутираше за активностите предвидени со проектот, како и за конкретниот придонес што се очекува од царинските службеници. Овој проект, од кој треба да произлезе иновативна рамка за подобрување на соработката помеѓу националните институции, корпорации, индустриски здруженија, институти за истражување и граѓански организации вклучени во борбата против недозволената трговија, предвидува изготвување на национална студија за потребите за обука на службени лица од доменот на кривично право и за недозволената трговија на регионално ниво (недостатоци, потреби, најдобри практики).



www.amerit.org.mk

РСБСП по повод 19 Ноември – Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди



# ВО МАКЕДОНИЈА ГОДИШНО ИМА ОКОЛУ 160 ЗАГИНАТИ И НАД 6.000 ПОВРЕДЕНИ ВО СООБРАЌАЈКИ

Неопходно е надлежните да ја подобрат безбедноста во сообраќајот на патиштата на врвот на агендата на дејствување, но исто така и секој поединец да покаже повисоко ниво на свест, одговорност и будност

– Сите надлежни институции да ја подигнат безбедноста во сообраќајот на патиштата на врвот на агендата на дејствување, но исто така и секој поединец – учесник во сообраќајот треба да покаже повисоко ниво на свест, одговорност и будност во сообраќајот. Ова е апелот што Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата (РСБСП) го упати по повод 19 Ноември – Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди. Притоа, од РСБСП, која е водечка организација што работи на безбедноста во сообраќајот на патиштата во нашата земја, посочија дека во Република Македонија, на годишно ниво, животот во сообраќајни незгоди го губат околу 160 лица, а повеќе од 6.000 се повредени. Ова, како што велат, се загрижувачки бројки, но додаваат дека овде не станува збор само за бројки туку и за човечки животи и семејни судбини.

Од РСБСП наведуваат дека сообраќајните незгоди не се проблем само на Република Македонија затоа што според податоците на Светската здравствена организација, на светско ниво, годишно околу 1,3 милиони луѓе го губат животот во сообраќајни незгоди, а околу 50 милиони се здобиваат со повреди како последица од сообраќајната незгода. Голем број од загинатите и од повредените се деца и млади, па многумина сообраќајните незгоди со право ги нарекуваат епидемија или црна чума на XXI век. Оттука, свесни за овој проблем, Обединетите нации ја прогласија декадата 2010 – 2020 како декада за безбедност во сообраќајот на патиштата, а во третата недела од месец ноември, секоја година се одбележува „Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди“.

Од РСБСП апелираат и да не ги прифаќаме сообраќајните незгоди како нужно зло и да не се доведеме во ситуација да се плашиме да чекориме по улиците, да стравуваме дали децата безбедно ќе стигнат до своите училишта, дали безбедно ќе ја преминат улицата, да не стравуваме од секој нов ден и од она што тој ќе го донесе. Од РСБСП укажуваат дека секојдневно се добива впечаток дека возачите, особено младите, не го ценат животот и без размислување притискаат на педалата за гас, возат пијани, не користат безбедносен појас, па општ впечаток е дека ниту казните ниту црните судбини не допираат до нив.

– Денес настрадал еден, утре друг, па трет...којзнае кој сè не. Сите ние сме потенцијални жртви – велат од РСБСП во своето соопштение.

Имајќи го сето ова предвид, РСБСП по повод „Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди“ порачува: „Секој учесник во сообраќајот да размисли за сопствената одговорност за тоа што ни се случува во сообраќајот и да се праша дали со својот начин на однесување во сообраќајот може да го загрози сопствениот живот или до го загрози и повреди животот на некој друг“.

Истовремено, во рамките на „Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди“, РСБСП уште еднаш потенцира дека секоја жртва на патиштата претставува огромна и ненадоместлива загуба за општеството и за семејството. Имено, општеството губи лица кои не го даде својот целокупен општествен придонес, додека семејството губи блиска и драга личност, чијашто прерана загуба за членовите на семејството значи дека за нив згаснува светлината на животот, а среќата и насмевките во тој момент заминуваат. Останува празнина која на ниту еден начин не може да се надополни.

– Одбележувањето на „Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди“ има цел да допре до свеста на секој поединец за да се поттикне сериозно да размислува за сопствената одговорност во сообраќајот, за грешките што можеби и несвесно ги прави, за промените што треба да ги направи, почнувајќи од себе. Само така, секој поединечно, може да придонесе сите да се чувствуваат сигурни и безбедни зад воланот, на улицата, на тротоарот, на велосипедската патека – потенцираат од РСБСП во своето соопштение по повод овој ден.

Ј.С.Б.

Согласно со практиката од повеќето европски држави каде што имаат инсталирано систем за видеонадзор на патиштата



# НАСКОРО И КАЈ НАС СО КАМЕРИ ВО ЛОВ НА ГРЕШКИТЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ!

Во првата фаза, проектот ќе има само едукативна и превентивна цел, во насока на градење и подигнување на сообраќајната култура во земјава

Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата (РСБСП) донесе одлука за реализација на Проектот за следење на состојбата на патиштата со помош на камери. Следејќи ја европската практика, со ова РСБСП реши ваков пилот-проект да се реализира и во Македонија, во насока на постигнување поголема безбедност во сообраќајот на патиштата, како и по сообраќајниците во населените места. Како што истакнуваат во РСБСП спроведувањето на овој проект во Република Македонија е во напредна фаза и тој во почетокот ќе има само едукативна улога, согласно со надлежностите на институцијата.

– Проектот има за цел да ги утврди и следи најчестите грешки кои ги прават учесниците во сообраќајот, а истовремено да утврди колку често тие се случуваат, кои се причините за ваквите грешки и како тие влијаат на безбедноста во сообраќајот на патиштата. Проектот ќе биде поделен во две фази, а во моментов се подготвува анализа за тоа како ќе се реализира. Според нашите очекувања, првата фаза ќе започне со реализација до крајот на оваа година, а втората во почетокот на 2018 година. До почетокот на идното лето очекуваме проектот да биде комплетно функционален и да ги лови грешките на учесниците во сообраќајот истовремено едуцирајќи ги сите учесници во сообраќајот. Ова е веќе прифатена практика насекаде во светот, а особено во Европа. Во оваа фаза, проектот ќе има само едукативна цел, а со тоа уште еднаш ќе ги потврдиме заложбите на РСБСП да се реализираат проекти кои имаат едукативна и превентивна цел и кои се многу важен сегмент во процесот на градење и подигнување на сообраќајната култура – вели Стојче Стаменковски, претседател на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата (РСБСП), кој напоменува дека за реализација и целосна имплементација на еден ваков важен и значаен проект очекува поддршка од сите надлежни институции. Повеќето европски држави имаат инсталирано систем за видеонадзор на патиштата, а најсвеж таков пример ни доаѓа од соседна Република Србија, каде што од неодамна е инсталиран ваков систем на патиштата. Податоците кои се изнесени во јавноста од страна на тамошното МВР се застрашувачки, при што за само два дена, во минатиот месец се казнети 7.820 несовесни возачи за пречекорување на максималната брзина од 120 километри на час, и тоа помеѓу две наплатни рампи на делницата од автопатот Шид – Шимановац. Ова значи дека на секој час, во тие два дена, биле казнети по 163 возачи при што сигурносните камери забележале и возачи кои возилата ги управувале и со повеќе од 240 километри на час.

## РСБСП ја започна втората фаза од кампањата „Младост без лудост“

Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата од втората недела на ноември започна со реализација на втората фаза од кампањата „Младост без лудост“, која има цел едукација и подобрување на безбедноста на младите, како ранлива категорија учесници во сообраќајот. Притоа, од РСБСП посочија дека пред нас е период на нестабилно и врнежливо време, така што и снегот може да предизвика дополнителни проблеми во сообраќајот. Следуваат денови на празници, т. е. период на славење, опуштена атмосфера и поголемо количество на алкохол. Водејќи се од тоа, фокусот на РСБСП во оваа кампања ќе биде ставен токму на овие проблеми со кои во наредниот период ќе се соочи младата популација. Оваа кампања континуирано ќе се реализира до март 2018 година, а до крајот на оваа, РСБСП ќе ги едуцира младите за опасностите во сообраќајот со кои тие се соочуваат во текот на зимскиот период. Во нив спаѓаат: неупотребата на зимска опрема, лизгавиот коловоз, возењето со брзина поголема од дозволената, возењето под дејство на алкохол и психотропни супстанции и сл.

Според статистиката на Светската здравствена организација, секој час во текот на секој ден, повеќе од 40 млади луѓе се жртви во сообраќајни незгоди на патиштата, односно секој ден, повеќе од 1.000 луѓе на возраст до 25 години се жртви во сообраќајни незгоди во светот. Тоа значи дека секој ден, илјадници семејства се соочуваат со фактот дека загубиле млад член од семејството, велат од РСБСП. Во Македонија, согласно со




статистиката на РСБСП во 2016 година, 25 лица на возраст до 24 години го загубиле животот во сообраќајни незгоди, додека повеќе од 2.000 лица се повредени, со што младите спаѓаат во категоријата на најранливи учесници во сообраќајот.

Кампањата „Младост без лудост“ ќе се реализира преку електронските и социјалните медиуми, преку билборди и други јавни медиуми, но исто така, Републичкиот совет, во претстојниот период, ќе биде присутен и помеѓу младите со цел директно да се влијае врз промените во начинот на кој тие се однесуваат во сообраќајот.

DAF CF и XF




# КОМПЛЕТИРАНА ПОНУДА

DAF ја комплетираше својата понуда во сериите CF и XF




Со бројните подобрувања, новите камиони се до 7 % поефикасни и имаат поголем товарен капацитет за 100 до 250 kg

Додавајќи вкупно 11 нови конфигурации, холандскиот производител сега има комплетна понуда во својата тешка програма која е збогатена со соло камиони со 2, 3 и 4 оски и влекачи со 3 и 4 оски. Ревидирани се пред сè шасиите, кои се во просек за 50 kg полесни и оставаат нешто повеќе простор за надградби или вградување на помошни уреди. Ова посебно се однесува на 8x4 конфигурациите кои имаат повеќе простор помеѓу предните оски кој може да се искористи на пример, за дигалка, за дополнителни кутии со алат или за поставување на поголем резервоар за гориво.

Нови се и тандемските оски со кои вкупната тежина на возилото може да се намали и до 250 kg. Се опремуваат со нов EHS (Electric Hydraulic Steering) електрохидрауличен управувачки систем кој е за 30 kg полесен и континуирано го оптимизира аголот на свртување на придружните управливи оски, со што се подобрува маневрирањето и се зголемува прецизноста при управувањето, а заради помалото триење можно е да се заштеди и до 1 % гориво. При брзини над 40 km/h оските се заклучуваат во права позиција со што се обезбедува поголема стабилност на возилото. Ваква управлива задна оска може да се вгради во камионите и влекачите со 6x2 конфигурација и 8x2 соло-камионите. Освен тоа, сис-

темот на воздушно потпирање овозможува спуштање за 90 и подигнување за 185 mm, со што се олеснуваат товарењето и истоварувањето. DAF воведе и нова управлива оска со двојни тркала и носивост од 10 тони, со статички товарен капацитет од 34 тони, која од претходната е полесна за 25 kg. За да се постигне уште поголема заштеда на гориво, достапни се и финални преносни односи од 3,46:1, 3,61:1 и 3,76:1, со што се овозможува моторот да работи на пониски вртежи. Интервалот на замена на маслото во тандемскиот сет е зголемен на 3 години или 450.000 km, со што се намалуваат оперативните трошоци.

За миксерите CF FAD 8x4 е усвоена нова шасија со тандемски оски со носивост од 19 тони и предни оски со носивост од по 7,1 тон, со што вкупната маса на камионот е намалена на само 9,15 тони, што е нов стандард во класата. Овие миксери се достапни со Paccar MX-11 моторите, со распон на моќноста од 370 до 450 KS. DAF воведе и BAM (Body Attachment Modules) модули за олеснето поставување на надградбите со кои се забрзува тој процес, се поедноставува релокацијата на компонентите и се овозможува поставувањето на дополнителни заштити за инсталациите. Како опција DAF ќе го нуди и BEM (Battery Energy Monitoring) системот со новоразвиен сензор за надзор на акумулаторот, со кој се осигурува негово правилно полнење и му се продолжува работниот век.

Во новите камиони и влекачи од сериите CF и XF, DAF ќе вградува Paccar MX-11 и MX-13 мотори кои испорачуваат повеќе силина и вртежен момент во ниски режими на работа. Поголемиот MX-13 е на располагање со 430, 480 и 530 KS, додека MX-11 доаѓа во верзии со 370, 410 и 450 коњски сили. Возилата наменети за дистрибуција може да се добијат и со неговите варијанти со 300 и 340 KS. Воведена е и таканаречената Multi Torque функција со која се зголемува вртежниот момент за дополнителни 100 до 150 Nm кога се користи највисокиот степен на пренос. Во овие камиони ќе се вградуваат новите TraXon автоматизирани менувачи со намалено триење и потечно менување на степените на пренос. За остварување на поголеми заштеди, возачот ќе има избор меѓу неколку различни стратегии на менување на степените на пренос: Standard Transport, Liquid Transport (за превоз на течности), Heavy Haulage (за влечење на тешки товари на долги релации) и Eco Combi (комбиниран систем за заштеда на гориво). Кај градежните камиони DAF CF FAD, FAT (соло) и FTT (влекачи), TraXon менувачот доаѓа со дополнителен режим за теренско возење со скратени времиња за промена на степените на пренос, со што се обезбедува максимална тракција.




Новите DAF CF и XF се достапни и со ексклузивно опремени кабини




Со додавање на 11 нови конфигурации, DAF ја комплетираше понудата во сериите CF и XF што секако ќе придонесе за уште подобри продажни резултати и поголемо пазарно присуство

Tesla Semi



# СО БРЗИНА НА СВЕТЛИНАТА

Вселенски брод или камион – на електричниот влекач на Tesla му требаат само 5 секунди да стигне до сто километри на час

На почетокот две појаснувања – првото е дека не станува збор за забрзување до 100 км туку до 96 километри на час, а второто е дека овој камион тоа го може само без приколка. Но и без ова сепак, стопроцентно е јасно дека електричната иднина на камионите дефинитивно пристигнува. Долгонајавуваниот и желно очекуван електричен влекач на Tesla конечно беше претставен лично од ексцентричниот мултимилијардер, сопственик на компанијата Елон Маск. Тој не ги штедеше пофалните зборови за Semi, како што безидејно го нарекуваат. Најмногу ја споменуваше неговата автономија која ги надмина сите очекувања – тој со едно полнење на батериите сместени под кабината може да помине дури 800 километри, потполно натоварен со стандардните американски 36 тони вкупна тежина. Досега, за него се споменуваше автономија меѓу 200 и 300 милји, односно 320 и 480 километри, што е на границата на психолошката прифатливост иако статистиката вели дека 30% од транспортот во САД отпаѓа на релации меѓу 100 и 200 милји. Маск спомена дека ќе биде понудена верзија и со батерии кои овозможуваат автономија од 480 километри (300 милји), но и дека се подготвува нова мрежа напојувачи специјално приспособени за овој камион што по 30 минути ќе му обезбедат 400 милји електрично возење.

Ништо помало изненадување не беше ни податокот за неговото забрзување од 0 до 60 милји на час (96 km/h) за што му требаат 20 секунди кога е потполно натоварен. На оние, навикнати на бројките за автомобилите можеби ова ќе им изгледа смешно, но оние што живеат со камионите добро знаат колку време му треба на еден натоварен мастодон да тргне. За на сите тоа да им стане јасно, Маск сервираше и бројка од 5 секунди за постигнување на истата брзина, но без приколка. Оваа импресивност се должи на четирите електромотори кои ги задвижуваат тркалата на задните две оски. Прецизните технички податоци за погонот не се објавени, но затоа е истакнато дека камионот со товарена приколка ќе може да искачи нагиб од 5 % со брзина од 105 km/h.

Во поглед на дизајнот и конструктивните решенија, инженерите на Tesla имаа одврзани раце. Ограничувањата во однос на механиката за нив не важеа, така што



Многу нешта, вклучувајќи ги и погонските системи на камионот на Tesla, засега остануваат мистерија



Во САД циркулираат околу четири милиони големи камиони, кои се обновуваат со стапка од 260.000 илјади примероци годишно



Ентериерот на Tesla Semi е дизајниран како од соништата на секој возач на камион

не мораа да се грижат за големиот простор резервиран за моторот. Поради тоа, кабината на Semi повеќе изгледа како командeн мост на некој вселенски брод од научно-фантастичните серии. Возачот ќе седи на средината и сè е подредено на него. Така, тој од секоја страна има по еден голем екран наменет за информациите за возилото и патот по кој се движи. Седиштата за сопатниците се наоѓаат зад него, додека во оваа верзија камионот нема простор за спиење. Но, тоа е можност која лесно може да се додаде. Ниското тежиште резултира со подобри возни карактеристики и помала опасност од превртување, што е чест причинител на сообраќајните несреќи во кои учествуваат тешките камиони. Големо внимание е посветено и на аеродинамичноста, чиј коефициент на отпор на воздухот од 0,36 е за секоја почит.

За Tesla Semi уште беше кажано и дека е најбезбедниот и најкомфорен камион направен досега. Во тоа своја улога ќе има и авто-пилотот, со кој секој камион ќе доаѓа сериски. Системите за предупредување при напуштање на коловозната лента и за автоматско сопирање во случај на опасност дејствуваат независно од него. Сопствениците на транспортните компании ќе можат да ги следат сите параметри од неговата работа и возењето преку мобилна апликација. За самиот квалитет на камионот беше споменато дека фабриката гарантира дека камионот нема да се расипе во првите милион милји.

Најважното беше оставено за на крај – потрошувачката на струја која изнесува помалку од 2 kWh за секоја поминатa милја, што според нивните пресметки значи заштеда од 200.000 долари за двегодишен период на користење. Не е познато колку ќе чини и кога овој камион ќе започне да се произведува, но веќе сега може да се нарача. Неофицијално се зборува за први негови испораки во 2019 година и цена од 750 илјади до милион долари. Она што беше споменато од Елон Маск е споредбата со класичен дизел-камион чии оперативни трошоци за патување од 100 милји со просечна брзина од 60 милји на час и цена на дизел-горивото од 2,50 долари за галон изнесуваат 1,51 долар за секоја помината милја, додека за електричниот Semi тие се 1,26 долари со цена на електричната струја од 7 центи за киловат-час. Конкретната математика со нашите цени ви ја препуштаме вам.






За влијанието на овој камион доволно кажува фактот што акциите на една канадска компанија веднаш порасна за два отсто откако е објавено дека извршила нарачки за него

BMW X2




BMW X2 е направен да биде нешто меѓу кросовер и купе и затоа сè на него асоцира на спортска сила со дискретна теренска робусност

# BMW ЈА СВРТЕ КРОСОВЕР СПИРАЛАТА НАВНАТРЕ

**Годината брзо помина и BMW и официјално ја сврте својата кросовер спирала навнатре – ја претстави сериската верзија на X2**

Коцкичката во кросовер-мозаикот што во голем дел недостасуваше, почива на помалиот X1, од кој се разликува по посилното стилско изразување и малку помалите димензии. За жал, се разликува и од ланскиот концепт, кој ни остави силен впечаток со своите пасивно-агресивни линии. Иако во основа задржани, тие сега се стилски разблажени и во споредба со париската студија, серискиот модел изгледа помлако. Сè уште првенствено цели на младата по години и по дух публика, која сака да види како нејзиниот карактер се рефлектира низ емоционално привлечен автомобил. Бидејќи таа претставува урбана и активна група купувачи, и BMW X2 е таков. Препознатливото го нагласуваат мноштво стилски детали, на кои се додадени и неколку досега несретнати акценти. Такви се BMW ознаката на задните столбови и реобликуваната маска, чии контури се поширoки во основата отколку на врвот. За првпат на модерен модел на BMW се среќаваат и триаглестите странични отвори за воздух во браникот, за кои Баварците велат дека се детаљ од модата што доаѓа. Неизоставни се и ЛЕД-светлата, инфо-забавниот систем, конективните и другите современи технологии. Тие можат да се надополнат со head-up дисплеј, амбиентално осветлување, панорамски покрив и серија нови колорни комбинации.

Моторизацијата е позната од донаторот, чија основа е платформата со погон на предните тркала. На почетокот BMW X2 ќе се нуди со еден бензински мотор со 192 коњи и два дизела со 190 и 231 коњска сила. Идната година ќе се појават и бензинските верзии со 140 и 230 коњски сили и дизел изведбата со 150 коњи. Во зависност од моторот, трансмисијата може да биде преку мануелен, автоматизиран или автоматски менувач, со опционален или сериски погон на сите тркала.



Внатрешноста на X2 оддава дека е наменет за млада по години и по дух публика




Новиот баварски кросовер на купувачите ќе им биде на располагање напролет, по цени кои во Германија ќе стартуваат од 34 илјади евра



Tesla Roadster

## Бомбастично!

### Елон Маск го претстави најбрзиот сериски автомобил

Долгоочекуваниот електричен камион на Tesla не пристигна сам на овој свет - заедно со него беше претставен и новиот Roadster. Првиот човек на компанијата, Елон Маск, го најави како најбрз сериски автомобил на сите времиња, факт што го поткрепи со забрзувањето до 60 милји на час (96 km/h) за 1,9 секунди и до 100 mph (161 km/h) за неверојатни 4,2 секунди. Максималната брзина не е прецизирана, но ќе биде поголема од 400 km/h, а големите батерии од 250 kWh треба да му обезбедат автономија од 1.000 километри со едно полнење. Иако Roadster ќе биде достапен дури во 2020 година, за него веќе се примаат нарачки заедно со депозит од 50.000 долари.

За новиот Roadster, Елон Маск вели дека е најбрзиот сериски автомобил на сите времиња



Лондон

## Секој со своите маки

### Жителите на Лондон ќе го паметат годинашниов октомври

Многуте дискусии не сменија ништо – од крајот на октомври за возење со постар автомобил низ централното градско подрачје во Лондон се плаќаат по 21,50 фунти дневно, односно по 800 денари. Со оваа давачка се опфатени сите пред-Евро 4 возила, бензински и дизел, што значи скоро сè што е произведено пред 2005 година. Таксата ќе се плаќа секој работен ден од 7 наутро до 18 часот навечер, а се очекува да погоди околу 10.000 автомобили дневно. Што се однесува на автобусите тие ќе мора да платат дури и по 100 фунти дневно. Како и неговиот претходник, така и сегашниот градоначалник на Лондон, Садик Кан беше неумолив околу оваа давачка, за која изјави: „Воздухот во Лондон е смртоносен и јас нема да стојам мирно не правејќи ништо. Овие мерки се потребни за да ги заштитиме лондонците од кризата со квалитетот на воздухот". И навистина, тој нема да застане овде. За април 2019 година, најави уште построги мерки кои предвидуваат плаќањето на таксата да се прошири на 24 часа дневно, за почеток само за возење низ центарот на градот, а подоцна и низ целата негова територија.

За возење постар автомобил низ центарот на Лондон сега се плаќаат по 21,50 фунти дневно, а за возење автобус дури 100 фунти дневно

www.amerit.org.mk




По година и пол Aston Martin нема да може да ги продава своите возила надвор од Британија

# БРЕГЗИТ ЗАПОЧНА ДА ИМ СОЗДАВА МАКИ НА АВТОПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ

Aston Martin и Honda се огласија дека Брегзит сериозно може да го наруши работењето на нивните погони во Велика Британија

Aston Martin е загрижен за својата иднина – од компанијата велат дека без договорот за Брегзит што британската влада треба да го дефинира со ЕУ, може да дојде до прекин на производството. Конкретно се споменуваат сертификатите за хомологираност на возилата од Велика Британија, кои ако земјите членки на Унијата, но и другите престанат да ги прифаќаат, ќе биде катастрофално за компанијата која нема да може наново да ги сертифицира во ЕУ, САД, Кина и секаде каде што се продаваат. Можеби изгледа административен, но проблемот навистина сериозно се заканува затоа што сегашните британски сертификати кои ги има Aston Martin важат само до март 2019 година.

Од друга страна, Honda, официјално го извести властите дека не може да прифати да плаќа 10 % давачки за своите возила произведени во Велика Британија кои би им ги наметнале останатите европски држави доколку по излегувањето на земјата од Унијата во 2019 година се вратат во сила правилата на светската трговска организација. Во документот испратен до комитетот за бизнис на британскиот парламент се вели дека Honda не може да ја апсорбира оваа давачка која ќе ги направи нивните возила неконкурентни, без наведување кои им се намерите доколку тоа навистина се случи, односно дали ќе биде прекинато британското производство на марката. Од порано знаеме дека Honda спроведува сериозни планови за зголемување на својот обем – фабриката во Свиндон во која работат 3.400 луѓе ги произведува CR-V и хечбек-верзијата на Civic, кои оттаму се извезуваат низ целиот свет.




За разлика од Aston Martin, проблемот на Honda е финансиски



I.D. семејството по неколку години ќе започне да ја предводи електричната иднина на VW

# СТРУЈА? ДЕФИНИТИВНО!

## Volkswagen ќе инвестира 34 милијарди евра во електричната иднина

Групацијата Volkswagen сериозно ги сфати новите трендови на пазарот и одлучи да преземе чекори соодветни на себе и својата големина – до 2022 година има намера да инвестира дури 34 милијарди евра од кои најмногу ќе отидат за развој на електрични автомобили, а дел се планирани и за автономните технологии, дигитализација и развој на нови мобилити услуги. Новите I.D. Crozz, I.D. Hatchback и I.D. Buzz ќе бидат пласирани по неколку години, а секој нареден модел по нив би требало да добие и електрична верзија. Во подготовка е и целосно новата платформа Modular Electric Baukasten (MEB) која ќе се користи во низа електрични возила меѓу кои би можела да биде и новата Буба.

Дел од средствата се предвидени за модернизација на постројките, односно за подобрување на производствените погони и за едукација на вработените. Паралелно со тоа, ќе биде реорганизирана и распределбата на производството, но без некои големи промени. Погоните во Цвикау ќе се трансформираат во е-мобилити центар, целото Passat семејство ќе се смести во Емден, а Golf, секако, ќе се произведува во Волфсбург.



Електрификација или хибридизација ќе доживеат скоро сите модели не само на марката туку и на целата група



## Естонија

# Патарини за стоковен транспорт




Во Естонија, од 1 јануари 2018 година, ќе треба да се плати патарина за сите тешки товарни возила со тежина од над 3,5 тони, а кои ја користат мрежата на јавни патишта. Стапката на патарината зависи од вкупната тежина на возилото за тешки возила (категорија N2 и N3) и неговата приколка, бројот на оските и класата на емисија на возилото на тешките товарни возила.

Плаќањето на патарината е одговорност на сопственикот на возилото на тешки товарни возила. Доколку корисникот, кој е одговорен за возилото со тешки товарни возила е запишан во Сообраќајниот регистар, плаќањето на патарината ќе биде негова одговорност.

## Временска патарина

Временската патарина се применува во Естонија, чија набавка ви дава право да ги користите патиштата за одреден временски период. Патарината не зависи од километражата на извозените километри пат.

Патарината треба да се плати пред да се тргне на пат. Плаќањето се зачувува електронски и не ви е потребна копија од хартија.

Повеќе информации на:

www.roadtoll.ee/eng или e-mail: teetasu@mnt.ee.

## Плаќање на патарината:

- Преку банкарски линк на порталот на www.roadtoll.ee/eng или со користење на кредитна картичка (MasterCard, VISA).
- На клиентски компјутери лоцирани во канцелариите за услуги на Регистарот на сообраќај.
- Во царинските испостави на граничните премини: Нарва, Лухама и Коидула.
- На клиентски компјутери лоцирани во канцелариите за услуги на естонскиот даночен и царински одбор или со платежна картичка на истото место.

Патарината, исто така, може да се плати и на бензински пумпи и сервисни пунктови, каде што можете да платите во готово или со платежна картичка. Висината на надоместокот за услуги зависи од давателот на услугата. Повеќе информации за овие локации на www.roadtoll.ee/eng.
Плаќањата за патарината за наредната година може да се извршат од 20 декември 2017 година.

## Стапка на патарина

За возила со тежина од 3.501 до 12.000 кг (цени во евра)

| Класа на емисија | Број на оски | 1 ден | 7 дена | 30 дена | 90 дена | 365 дена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| сите | сите | 9 | 25 | 50 | 125 | 500 |

За возила со тежина над 12.000 кг (цени во евра)

| Класа на емисија | Број на оски | 1 ден | 7 дена | 30 дена | 90 дена | 365 дена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| EURO 0 EURO I EURO II | до 3 | 12 | 45 | 90 | 225 | 900 |
| | 4 и повеќе | 12 | 65 | 130 | 325 | 1300 |
| EURO II | до 3 | 11 | 40 | 80 | 200 | 800 |
| | 4 и повеќе | 12 | 60 | 120 | 300 | 1200 |
| EURO IV EURO V | до 3 | 10 | 35 | 70 | 175 | 700 |
| | 4 и повеќе | 12 | 55 | 110 | 275 | 1100 |
| EURO VI и помалку загадување | до 3 | 10 | 30 | 60 | 150 | 600 |
| | 4 и повеќе | 12 | 50 | 100 | 250 | 1000 |

*Извор: Association of Estonian International Road Carriers (ERAA)*

## Белорусија

# Државни празници во 2018 година

| | |
|---|---|
| 1 јануари | Нова година |
| 7 јануари | Божиќ |
| 8 март | Меѓународен ден на жените |
| 17 април | Радуница (Ден на сеќавање) |
| 1 мај | Ден на трудот |
| 9 мај | Ден на победата |
| 3 јули | Ден на независноста |
| 7 ноември | Ден на Октомвриската револуција |
| 25 декември | Божиќ |

*Извор: BAMAP*

**Шпанија**

## Државни празници во 2018 година

| | |
|---|---|
| 1 јануари | Нова година |
| 6 јануари | Водици |
| 30 март | Велики петок |
| 1 Мај | Ден на трудот |
| 15 август | Успение |
| 12 октомври | Национален ден |
| 1 ноември | Ден на сите светци |
| 6 декември | Ден на Уставот |
| 8 декември | Безгрешното зачнување |
| 25 декември | Божиќ |

### Регионални празници

| | |
|---|---|
| 28 февруари | Андалузија |
| 1 март | Балеарските Острови |
| 2 април | Балеарските Острови, Каталонија, Валенсија, Навара, Баскија |
| 23 април | Арагон, Кастилја и Леон |
| 2 мај | Мадрид |
| 17 мај | Галиција |
| 30 мај | Канарски Острови |
| 31 мај | Кастил Ла Манча |
| 9 јуни | Мурсија, Ла Риоха |
| 28 јули | Кантабрија |
| 8 септември | Астуриас, Естремадура |
| 11 септември | Каталонија |
| 15 септември | Кантабрија |
| 9 октомври | Валенсија |
| 26 декември | Каталонија |

*Извор: ASTIC*

**Велика Британија**

## Забрана за редовен неделен одмор во кабина: апликација за наоѓање на најблискиот паркинг

Во земјите на Обединетото Кралство Велика Британија, од 1 ноември се воспоставени контроли и со нив возачите, кои редовниот неделен одмор го имаат во кабината на возилото надвор од соодветна просторија за одмор (во сервисна, односно услужна област или паркинг за камиони) ќе се казнат со парична казна. Ги повикуваме возачите да ја преземат апликацијата TRANSPark, на https://www.iru.org/transpark, која им помага на комерцијалните возачи и на менаџерите на флотите за патен транспорт лесно да ги наоѓаат најблиските овластени паркинзи и удобно да се паркираат.





АМЕРИТ ЕКСПЕРТИЗА
Тел: 02 32 98 967 | e-mail: ekspertiza@amerit.org.mk




ВРШИМЕ ПОВРАТ НА ДДВ ОД:

- АВСТРИЈА
- БЕЛГИЈА
- БУГАРИЈА
- ВЕЛИКА БРИТАНИЈА
- ГЕРМАНИЈА – патнички
- ДАНСКА
- ИРСКА
- ЛУКСЕМБУРГ
- НОРВЕШКА
- ПОЛСКА
- СЛОВЕНИЈА
- СРБИЈА
- ФРАНЦИЈА
- ХОЛАНДИЈА
- ШВЕДСКА
- ФИНСКА

071/ 34 05 10, 076/ 36 06 29

02/ 32 98 224

ddv@amerit.org.mk




**Холандија**

## Ограничувања во стоков транспорт

За време на викендите или на државните празници, не постојат ограничувања за возење стоки. Меѓутоа, во лоши временски услови транспортот на опасни материи е ограничен. Кога видливоста е помала од 200 метри, забранет е превоз на:

- опасни материи во резервоари со капацитет над 3.000 литри,
- огномет во количини поголеми од оние споменати во делот 1.1.3.6 од ADR и огномет со броеви 0336 и 0337 на UN со нето-експлозивна маса поголема од 20 кг.

Кога видливоста паѓа под 50 метри или во ледени услови, покрај претходните ограничувања, забранет е превозот и на опасни материи во количини поголеми од оние споменати во делот 1.1.3.6 од ADR.

Возилата што превезуваат исклучително опасни товари, исто така се предмет на ограничувања за возење на националните и локалните патишта:

- помеѓу 6 ч. и 10 ч. (утрински сообраќаен метеж),
- помеѓу 15 ч. и 20 ч. (вечерен метеж),
- во зависност од категориите на патот што ќе се користат за транспортното работење и за тежините и димензиите на транспортното работење, во одобрението за превоз ќе бидат наведени повеќе специфични ограничувања.

*Извор: TLN*




**Холандија**

## Државни празници 2018

| | |
|---|---|
| 1 јануари | Нова година |
| 1 април | Велигденска недела |
| 1 април | Велигден |
| 27 април | Национален ден / Ден на кралот |
| 10 мај | Ден на Вознесение |
| 20 мај | Педесетница во недела |
| 25 мај | Педесетница во понеделник |
| 26 декември | Божиќ |
| 27 декември | Божиќ |

*Извор: TLN*


РУСКИ ПРИГЛАШЕНИЈА
02 32 98 224


# ЦЕНИ НА ГОРИВОТО ЗА НЕДЕЛАТА 47/2017

| ЗЕМЈА | ВАЛУТА | БЕЗОЛОВЕН 95 | БЕЗОЛОВЕН 98 | ДИЗЕЛ |
|---|---|---|---|---|
| Албанија | ALL | 172.00 | - | 169.00 |
| Андора | EUR | 1.080 | 1.120 | 0.910 |
| Аргентина | ARS | - | - | 18.295 |
| Ерменија | AMD | 420.00 | 440.00 | 370.00 |
| Австрија | EUR | 1.216 | 1.371 | 1.152 |
| Белорусија | EUR | 0.540 | - | 0.548 |
| Белгија | EUR | 1.426 | 1.508 | 1.386 |
| БиХ | BAM | 2.15 | 2.25 | 2.09 |
| Бразил | BRL | 3.97 | - | 3.27 |
| Бугарија | BGN | 2.05 | 2.31 | 2.05 |
| Чиле | CLP | 772 | 795 | 516 |
| Хрватска | HRK | 9.34 | 10.30 | 8.96 |
| Чешка | CZK | 30.30 | 32.56 | 29.13 |
| Данска | DKK | 10.39 | 11.08 | 8.79 |
| Естонија | EUR | 1.219 | 1.279 | 1.209 |
| Финска | EUR | 1.458 | 1.532 | 1.326 |
| Франција | EUR | 1.448 | 1.501 | 1.306 |
| Грузија | GEL | 2.53 | 2.33 | 2.19 |
| Германија | EUR | 1.342 | 1.468 | 1.176 |
| Грција | EUR | 1.506 | 1.737 | 1.288 |
| Унгарија | HUF | 367.00 | - | 392.00 |
| Ирска | EUR | 1.369 | - | 1.270 |
| Италија | EUR | 1.583 | - | 1.444 |
| Јапонија | JPY | 152.10 | 141.80 | 117.50 |
| Казахстан | KZT | 150.00 | 164.00 | 129.00 |
| Летонија | EUR | 1.195 | 1.264 | 1.094 |
| Литванија | EUR | 1.198 | 1.267 | 1.097 |
| Луксембург | EUR | 1.181 | 1.241 | 1.028 |
| Македонија | MKD | 66.50 | 68.50 | 54.00 |
| Мексико | MXN | 17.91 | - | 17.10 |
| Молдавија | MDL | 17.67 | 18.28 | 15.67 |
| Црна Гора | EUR | 1.250 | 1.320 | 1.110 |
| Холандија | EUR | 1.693 | 1.745 | 1.355 |
| Норвешка | NOK | 16.65 | 17.64 | 15.63 |
| Перу | PEN | 3.31 | 3.75 | 2.72 |
| Полска | PLN | 4.72 | 5.01 | 4.59 |
| Португалија | EUR | 1.539 | 1.588 | 1.331 |
| Романија | RON | 4.91 | 4.91 | 5.14 |
| Русија | RUB | 41.08 | - | 39.25 |
| Србија | RSD | 141.90 | - | 148.90 |
| Словачка | EUR | 1.302 | - | 1.156 |
| Словенија | EUR | 1.260 | 1.352 | 1.217 |
| Шпанија | EUR | 1.237 | 1.378 | 1.149 |
| Шведска | SEK | 14.27 | 14.87 | 14.20 |
| Швајцарија | CHF | 1.470 | 1.570 | 1.590 |
| Турција | TRY | 5.55 | 5.58 | 5.07 |
| Украина | UAH | 27.53 | 28.64 | 25.32 |
| В. Британија | GBP | 1.205 | 1.304 | 1.228 |
| САД | USD | 0.685 | - | 0.770 |
| Уругвај | UYU | 45.90 | 47.60 | 38.50 |

## КАМИОНИ

### Продавам

**ДАФ ХФ**, тандем, комплет со приколка, од 2000 година, со пратечка осовина, ретардер, клима, во одлична состојба, со ролетни, церади, тристрани, може и замена за камион, на БГ-таблички.

**076/239-486**

**ДАФ**, 230 кс, односно 168 кв, во екстра-исправна состојба, со носивост од 9.300 кг, на јастуци, регистриран до 18.3.2018 година, произведен во 1993 година.

**078/619-042**

**Волво ФХ12 460**, евро 3, од 2004 година, регистрирано до јуни 2018 година, во одлична состојба.

**072/266-222**

**Волво 440**, евро 5, од 2008 година, може комплет со приколка Шмитц мега, од 2004 година.

**078/215-729**

**Волво ФХ420**, од 1996 година, во исправна состојба, регистриран до 23.11.2017 година, гуми 80 %.

**078/253-168**




**Ивеко Стралис**, евро 5, на шведски таблички, камионот се наоѓа во Ресен.

**075/233-999**

**Ивеко Стралис**, нов мотор на 35.000 км, со нови гуми, турбо-куплунг, сет- алтернатор, алансер, акумулатори и Шмитц полуприколка, со нови гуми на 10.000 км, пирели осовина, се дига автоматски.

**071/329-529**

**Застава 640**, камион во неисправна состојба.

**075/477-235**

**МАН ТГА**, може и замена.

**070/510-996**




**МАН ТГА** , во добра состојба, регистриран и со скоро нови гуми, со поминати 1.080.000 км, од 2005 година.

**070/319-420**

**МАН влекач**, од 1999 година, со кипер-полуприколка од 1992 година, поседува и клима, темпомат, ретардер, може замена со кипер-кран или сандучар со кран.

**070/215-149**



**Мерцедес Бенз 2628 кипер**, регистриран цела година.

**070/455-686**

**Мерцедес 410 д**, регистриран, сервисиран, со шест нови гуми и носивост од 2.250 кг, со алуминиумски сандак со димензии 320x210x40, цена 5.800 евра, но има простор и за пониска цена.

**070/606-666**

**Мерцедес Атего 915**, од 2000 година, регистриран, со нови гуми, носивост четири тони, должина 6,20 метри.

**072/599-556**

**Мерцедес Актрос цистерна**, со поминати 527.000 км, во добра состојба.

**070/319-420**

**Мерцедес 18 40**, возилото е во супер-состојба.

**075/415-602, 075/415-600**

**Мерцедес Актрос**, во одлична состојба, регистриран до 17.4.2018 година.

**075/415-600**



**Мерцедес во одлична состојба**, со сменет мотор од 140 кс, од 1996 година. Моторот е со атест, атестиран е и кранот, со нови гуми, цела година регистриран.

**078/727-474**

**Сканија Р480**, од 2010 година, во топ-форма.

**070/227-264**

**Сканија 124**, евро 3, 420 кс, со нови гуми, нови дискови, нов интеркулер, турбина и инјектори, вебасто, клима, ретардер, компресор.

**075/414-717**

**Сканија 124 400**, од 1997 година, со ретардер, клима, кипер-систем, мануелен менувач, гуми 90 %, регистрирана до 28.2.2018 и полуприколка Каисер 27 м3, гуми 90 %, регистрирана.

**071/324-539**

**Сканија Р480**, од 2010 година, во топ-форма.

**070/227-264**

## АВТОБУСИ

### ПРОДАВАМ

**Ајатс Браво I дабл декер**, произведен во 2005 година, во екстра-состојба, со 78 комерцијални седишта + 2, во екстра-состојба. Можност за плаќање дел во готово, дел на лизинг. За повеќе информации јавете се на

**070/333-016**



**Се продаваат (заменуваат) повеќе видови автобуси: Сетра 415 ХД**, Сетра 215 ХДХ, МАН Р07, Неоплан Н 316, Неоплан Н 216, Мерцедес 303, Санос 315, Санос 415. Возилата се во одлична состојба, регистрирани и редовно одржувани, со можност за замена или за одложено плаќање.

**075/226-666**

## ДЕЛОВИ

**Сандак милер-кипер**, како нов, за камион со четири осовини.

**072/226-589**

**Полуприколка Кроне ладилник**, во возна состојба, од 2005 година, добро сочувана и редовно сервисирана, мотор Кариер 1850.

**071/542-660**

**Полуприколка Шмитц**, од 1998 година.

**070/228-860**

**Сандак за четириосовинец**, како нов, комплетен со помошна и клип.

**078/727-474**

**Делови за МАН.**

**070/999-184**

## ОГЛАСИ [преку SMS и e-mail]

Испратете го Вашиот ОГЛАС како SMS на:

**070/40 11 11 и 070/40 11 07**

или како e-mail на:

**bizkontakti@yahoo.com**

Внесете го Вашиот телефон или e-mail адреса.

Возилата без возач ја отвораат новата ера на јавниот превоз

# САМОВОЗАЧКО, ПАМЕТНО КОМБЕ ПРОШЕТА НИЗ ГЕРМАНСКИТЕ УЛИЦИ

Првиот превоз со ова самовозачко електрично комбе на „Дојче Бан“ беше изведен во бањата Бад Бирнбах во Баварија, на југот од Германија

Германската железница „Дојче Бан“ неодамна го претстави своето прво „паметно урбано возило“ – комбе без возач, кое се движи низ улиците на една германска бања и вози патници до железничката станица. Првиот превоз со ова самовозачко електрично комбе, кое може да превезува 12 патници, беше изведен во бањата Бад Бирнбах во Баварија, на југот од Германија. Комбето, како што соопштија од „Дојче Бан“, го проектираше француската старт-ап компанија „ИзиМајл“ и тоа бесплатно ќе ги поврзува железничката станица, центарот на градот и бањата.

– Штотуку влеговме во новата ера на јавниот превоз – изјави генералниот директор на германската железница Рихард Лук, влегувајќи во овој „шатл“, со кој се отвора првата линија на јавниот превоз во Европа со самовозечки возила.

Во „Дојче Бан“, кој е основач на компанијата „Јоки“, посветена на електронската мобилност и превоз на иднината, имаат намера од 2018 година да ги тестираат своите комбиња во неколку германски градови, вклучувајќи го и Хамбург. Истовремено, оператори и компании од неколку американски, азиски и европски градови го истражуваат големиот потенцијал на возилата без возачи за јавен превоз. Париз, Лион, Лас Вегас и Дубаи веќе имаат такви возила, но во помали размери. Евидентно, овие автономни возила, кои сè уште се во развој, наскоро ќе бидат вклучени во јавниот сообраќај, а футуролозите очекуваат тие во наредните децении да бидат секојдневно и масовно присутни и тоа не само во превозот на патници туку и во товарниот транспорт.




J.C.Б.

## ВИЦОВИ



Си разговараат, загрижено, родителите на еден скопски матурант:

– Замисли, син ти сака да му купиме црвено порше за матурската!?

– Црвено поршееее? Море, нека не се занесува!

– Срце, знаеш, ти зборувам што сака детето!

– Ама, нека не се занесува, каква боја имаат во салонот, такво ќе му купиме!

* * *

– Што е автобус?

– Превозно средство кое оди 10 пати побрзо кога трчаш по него, отколку кога се возиш во него!

* * *

Кавадарчанец се враќа дома од работа и носи пет пакети вино, три шишиња ракија и два леба. Жената уште од врата му се нафрла:

– А бе, шо е ова? Да не че иаме гости вечер!?

– Не мори, оти ?

– Ами, шо толку леб си зел?!!!

* * *

Синот ја прашува мајката:

– Мамо, мамо, зошто мачката не пие ракија?

– Затоа што е животно, сине. Животните не пијат ракија!

– Ауух мамо, значи кај нас дома само тато е човек!

* * *

Боки отишол кај гатач:

– Можете ли да ме ослободите од клетва?

– Ааааа, не оди тоа така. Може, ама само ако се сеќавате на зборовите од клетвата?

– Да, да, се сеќавам, вака беа: ВЕ ПРОГЛАСУВАМ ЗА МАЖ И ЖЕНА!

* * *

Возачот Боки оди на лекар.

– Добро бе, Боки, кај го скрши вака реброто?

– Остај докторе, срам ми е да кажам!

– Е ајде кажи, де, јас треба да знам!

– Во кревет докторе!

– Како бе во кревет?

– Е така, се вратив синоќа од кафана, си легнав до жена ми, се стискам до неа и ѝ велам: – Ајде Мицо, дај малку да се сакаме! А, таа толку силно ме лупна со лактот...

– Е зошто бе Боки?

– Ех докторе, таа се вика Ботка!

* * *

Бензинска пумпа. Влегува еден возач кај шефот и го прашува:

– Ве молам, да не ви требаат работници на бензинскава?

Шефот: – Не, не, напротив, дури и вишок вработени имаме во моментов!

– Е па, ќе дојде некој конечно да ми наполни бензин? Пола саат чекам!

* * *

Се среќаваат колегите возачи Боки и Коки, кои не се виделе одамна. И Боки прашува:

– Аааааа, си се оженил, а?

– Да бе, се оженив!

– Е, што така?

– Па да ти кажам право – не ми се допаѓаше храната по мензи и евтини кафеани!

– И сега како, а?

– Е сега ми се допаѓа!

* * *

Боки се подготвува за возачки испит. Уфрлил во четврта брзина и вози само 20 – 30 км на час.

– Па добро бе, со која одиш сега? – нервозно го прашува инструкторот.

А бе, не ја познаваш, со една од Телеком!

www.amerit.org.mk







# АМЕРИТ

СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

MakedonijaSoobrakajAMERIT

ул. „1506“ бр.22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 | www.amerit.org.mk